**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА**

**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА КОНЦЕПТОТ ,,ЕДНО ОПШТЕСТВО ЗА СИТЕ И ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗАМ"**

**- СЕДУМ СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ -**

јуни 2023 година

ВОВЕД:

Изработката на Годишниот извештај за спроведувањето на Национална стратегија за

Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2020-2023. Таа е во рамките на заложбите на Владата да работи посветено на подобрувањето на интеркултурната комуникација помеѓу граѓан(к)ите од различните култури, заедници и групи. Односно, како што стои на веб страницата на Владата: „Владата, целосно почитувајќи го Уставот и меѓународните обврски на Република Северна Македонија, посветено работи на добри меѓусоседски и меѓуетнички односи врз принципите на меѓусебно почитување и толеранција, внатрешна кохезија(...)“. Стратегијата цели кон исполнување на еден од клучните владини приоритети: „Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување“. Во контекст на примената на новата Методологија за проширување и отпочнувањето на процесот на скрининг, фокусот на добри меѓуетнички односи, интеркултурен дијалог и остварување на правата на заедниците уште повеќе добива на важност бидејќи преставува прва област (поглавјето 23, основни човекови права) од Кластерот „Основи“ кој е клучен за напредокот во преговорите со Европската Унија. Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам, усвоена на 162-та седница на Владата одржана на 05.11.2019 година, а разгледана од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците при Собранието на Република Северна Македонија на дводневна расправа на 03-04.01 2020. Целта на развојот на концептот беше и остана подобрувањето на интеркултурната комуникација меѓу различните култури и заедници, како и спроведување на препораките на меѓународните тела на Обединетите нации, Советот на Европа, Европската комисија, како и Организацијата за безбедност и соработка во Европа. На седницата одржана на 28.01.2020 година, Владата го назначи Координативното тело при Канцеларијата на Претседателот на Владата задолжено за следењето и известувањето за спроведувањето на Стратегијата и Акцискиот план. Ова тело врши координација на процесот на спроведување на Стратегијата за едно општество и интеркултурализам и ги планира идните активности. Последна измена на Решението се случи на 30 август 2022. Во 2021 и 2022 година Владата ги усвои Информацијата со годишниот Извештај за релизирани активности за 2020 година односно за 2021 година и го разгледа и прифати ажурираниот Акцискиот план за спроведување за 2021-2022 година. Во согласност со определбата на Владата на Република Северна Македонија за партнерство со граѓанското општество во процесот на креирање и спроведување политики, Координативното тело и органите задолжени за имплементација на активностите од Акцискиот план, оствариja соработка со голем број на ЗГ од соодветните области. Соработка и постојани контакти се оствариja и со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Советот на Европа и со Канцеларијата на Високиот комесар за национални малцинства при ОБСЕ.

Во втората половина на 2022 се формираше Мрежата за евалуација на имплементацијата составена од претставници на граѓанското општество, која направи дополнителен извештај. Во соработка со Канцеларијата на Високиот комесар за

национални малцинства при ОБСЕ двајца странски експерти направија уште една независна евалуација со препораки кои беа доставени до Координативното тело. Во овој годишен извештај за следење на Стратегијата и Акцискиот план (јануари-декември 2022) се констатира напредокот во спроведувањето на мерките и активностите, но реално се утврдуваат и слабостите. Со спроведувањето на Националната стратегија за развој на концептот на Едно општество и интеркултурализмот 2020- 2022, како и севкупната демократска атмосфера по политичките промени во 2017 година, значително се намалија меѓуетничките, меѓурелигиозните, јазичните и другите поделби во македонското општество. Ковид -19 пандемијата, како и енергетската и економската криза предизвикани со воената агресија на Русија врз Украина, придонесоа некои планирани активности од Стратегијата 2020-2022 по обем и времетраење да не се спроведат целосно. Но истовремено, успехот на политиките за Стратегијата се позитивно афирмирани од релевантните меѓународни тела, посебно нотираните квалитети се јасно адресирани во извештаите за напредокот на Северна Македонија од страна на Европската Комисија во 2021 и 2022 година. Последното мислење на Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства (РКНМ) на СоЕ од 2022 година утврдува дека Северна Македонија постигна значителен напредок во правната заштита на правата на лицата кои припаѓаат на националните малцинства, особено во полето на антидискриминација и употреба на албанскиот јазик во изминатите неколку години. Сепак, Советодавниот комитет итно препорачува "органите да преземат понатамошни чекори кон промовирање на интегрирано општество кое се заснова на почит и доверба меѓу различните заедници. За да се обезбеди одржливост на Стратегијата „Едно општество за сите", органите треба да обезбедат политичка поддршка на високо ниво, солидно финансирање и достапност за практичарите во образованието, медиумите и граѓанското општество, како и за пошироката јавност. Извештајот за периодот јануари-декември 2022 г., е подготвен согласно новото Упатство за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии усвоено од страна на Владата на Република Северна Македонија во месец мај 2022 г. (Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/2022 од 30.5.2022г. Извештајот содржи резиме на постигнати резултати, преглед на постигнати резултати во однос на посебните цели, предизвици и ризици во текот на спроведувањето на акцискиот план со препораки и табеларен преглед со оценка на степенот на спроведување на мерките и активностите. Извештајот го следи и се заснова на ажурираниот Акциски план 2021-2022 година, којшто Владата на Република Северна Македонија го разгледа и прифати на 101-та седницата одржана на 24.8.2021 г. При ажурирањето беа направени неколку промени кои нема суштинско влијание врз приоритетите и целите.

**- СТРАТЕШКА ОБЛАСТ : ОБРАЗОВАНИЕ -**

## РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО СТРАТЕШКАТА ОБЛАСТ ,,ОБРАЗОВАНИЕ”

Во стратешката област ,,образование” беа утврдени три приоритети, во кои се забележува добар напредок. Реализираните активности во текот на 2022 година придонесуваат за исполнување на заложбите за развивање интеркултурно образование како основа за меѓусебна комуникација и интеракција меѓу различните етнички заедници. Ообено важно е дека започна да се применува Упатството за организација на заеднички часови на ученици кои следат настава на различни јазици, со што фокусот се стави и на наставните активности а не само на воннаставните како што беше пракса. Во месец јануари донесени се Стандарди за интеркултурно образование во средно образование.Вкупно 742 наставника во текот на 2022 година ја следаа новоакредитираната обука ,,Мултикултурализам во еднојазични и повеќе јазични училишта“ со што се зајакнаа нивните интеркултурни компетенции. Од учебната 2022/2023 година започнаа да се применуваат новите наставни програми по македонски јазик за учениците од другите заедници за четврто и петто одделение. За учебната 2021/22година вкупно 59 училишта (14 основни и 45 средни училишта) организираа курсеви за изучување на јазикот на друга етничка припадност. Најголема посетеност има за изучување на албанскиот и турскиот јазик. Донесени се нови наставни програми за второ, третто и петто одделение во кои се зајакнати елементите на интеркултуралноста. Врз основа на новите наставни програми изработени се и нови учебници на сите пет наставни јазици, а во нив се користат илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

## 1. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

**Приоритет 1: Обезбедување интеракција меѓу учениците од различните етнички заедници и различните наставни јазици во основното и средното образование**

**1.1. Приоритетна цел: Зголемена интеракција на учениците од различните етнички заедници/наставни јазици преку заеднички воннаставни активности во училиштата**

## Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.1:

Според податоците собрани од електронското истражување (на анкетниот прашалник одговориле вкупно 302 основни и средни училишта) за Извешттајот за планот за мерења на постигањата за подобрена меѓуетничка кохезија во образованието за учебната 2021/22година, спроведено од Комисијата за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието, се забележува значително зголемување на вкупниот број на учества во воннаставни активности, од 27.674 на 39.107, споредено со претходната учебна година. Од прегледот на податоците за организирање на заеднички воннаставни активности, активностите за меѓуетничка интеграција во образованието се реализирале во балансирани групи на ученици според пол. Исто така, видливо е дека мултикултурните работилници се особено податливи за реализација на воннаставни и вонучилишни активности за МИО и со физичко присуство на учениците и онлајн. Најголем број на училишта, 104 основни и 30 средни училишта пријавиле дека реализирале заеднички спорски активности со физичко присуство на учениците, додека во однос на онлајн реализација на воннаставни активности најголем број, односно 52 основни и 14 средни училишта пријавиле реализација на заеднички ученички секции. Во рамки на секое училиште продолжија со работа Тимовите за училишна интеграција за учебната 2021/2022 година и за учебната 2022/2023 година (прво полугодие) кои ги планираат и организираат активностите кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција. На 8.11.2022 г. МОН го објави Јавниот повик за доделување грантови на основни и средни училишта за унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата за учебната 2022/2023 г. со рок на аплицирање до 9.12.2022 г.  Во соработка со партнери како ОБСЕ, Фондацијата Отворено општество, УСАИД, Македонски центар за граѓанско образование, Детската Фондација Песталоци и Нансен дијалог центарот се реализираа низа воннаставни активности:  Во месец септември 2022 г., заврши со имплементација Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО) реализиран од МЦГО во рамки на кој беа организирани над 4.4000 заеднички ученици активности и младински иницијативи како што се заеднички наставни часови, заеднички секции, активности во партнерство, младински акции, креативни работилници и јавни презентации со физичко присуство и виртуелно. Во партнерство со 46 избрани општини (од кои 4 во 2022г), беа развиени локални политики и стратегии поврзани со меѓуетничката интеграција во образованието и младинското учество за да се осигури мобилизација на ресурси и локална одржливост. Со цел зајакнување на демократската клима, повеќе од 420 училишта спроведоа младински иницијативи, волонтерски активности и активности за граѓанско учество и ги промовираа за време на отворените денови за граѓанско образование. Во месец декември 2022 г. заврши со имплементација Проектот на Детска Фондација Песталоци - Јакнење на мултиетничката

соработка во општините.  Проектот се спроведуваше во 27 етнички мешани училишта и 9 општини (Битола, Бутел, Струмица, Тетово, Куманово, Радовиш, Струга, Гостивар и Долнени). Преку грантови, поддржани се 27 проектни училишта за реализација на заеднички ученички активности во рамките на училишните секции, на кои над 1000 ученици ги подобрија своите интеркултурни компетенции. Овозможена е професионална поддршка од стана на советници на БРО преку посета на преку 135 редовни и заеднички часови со над 2500 ученици кои ја следат наставата на различни наставни јазици. Во 2 проектни училишта, почна пилотирање на прилагодување на организацијата на наставата во заеднички смени на ученици кои учат на различен наставен јазик, согласно препораките на концепцијата за основно образование. Преку проектот „Започни ја промената" реализиран од МЦГО, во партнерство со ИНОВА + (Португалија), Форум за слобода во образованието (Хрватска), а со поддршка на меѓународните мрежи НЕПЦ (Хрватска) и СИРИУС (Белгија), во рамки на програмата Erasmus+ (Компонента 3, Социјална инклузија) реализираше краткорочни и долгорочни воннаставни активности во кои беше застапена меѓуетничката интеграција. Ученичките воннаставни активности и акции, координирани од наставници и училишен кадар во 5 училишта (2 основни и 3 средни) во државата, се реализираа опфаќајќи теми од подрачјето на Граѓанско и интеркултурно образование, како: Гласот на младите; Социо-емоционални компетенции и емоционално здравје; Младински активизам и волонтерство и Медиумска писменост. Во текот на целата 2022 година (Нансен Дијалог Центар Скопје континуирано поддржуваше над 150 наставници и стручни соработници од повеќе основни и средни училишта (од 25 општини ширум државата) во спроведување на различни воспитно-образовни активности кои беа збогатени со вградување на интеркултурната димензија и вредности. Со ваков вид на инцијативи беа активно опфатени над 3000 ученици, кои активно беа вклучени во над 1000 воспитно-образовни инцијативи со интеркултурен предзнак.

Во рамки на Проектот *„Редовно на часови: акција за вклучување на Ромите во основното образование"* (чија имплементација заврши во месец октомври 2022г.) кој се спроведуваше од страна на Фондација Отворено општество- Македонија, во соработка со Фондацијата за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор, Здружението Центар за образовна поддршка Дендо вас и МОН (финансиран од ЕУ средства),беа доделени грантови во висина од 2.500 евра на основни училишта за спроведување проекти кои ја поттикнуваа интеракцијата и размената на знаење помеѓу учениците и обезбедија интеграција на учениците Роми, придонесоа за воспоставување позитивна клима во училиштето и трансформација на училишниот простор во инклузивна и стимулативна средина за учење каде секое дете има можност да ги развие своите потенцијали. Грантовите вклучуваа дидактички материјали, училишен прибор, спортски реквизити, училишен мебел, библиотечен материјал, опрема, материјали за уредување на училишните дворови, како и мали адаптациони работи за уредување на креативни и пријатни училишни катчиња за учење и дружење на децата, родителите и наставниците.

**1.2. Приоритетна цел: Организирање заеднички наставни активности по најмалку два различни предмети во училиштата**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.2:**

Во однос на мерката 2.1.1.1 Подготовка на упатство за организирање на заеднички наставни активности, истата е реализирана во 2021. На 17.12.2021 г. Упатството беше официјално промовирано на настан во организација на МОН, ОБСЕ и УСАИД. Упатството пред сè е изготвено со цел поттикнување на училиштата да реализираат заеднички часови и полесно планирање, организирање и спроведување, следење, поддршка и процена на заедничките часови со ученици коишто следат настава на различен јазик, но и да ги зајакне процесите на комуникација и меѓусебна соработка на сите вклучени страни во образовниот систем во насока на создавање клима за реализирање заеднички часови и е наменето за сите чинители во процесот на реализирање заеднички наставни часови. Упатството содржи насоки за плланирање на заедничките часови, активности (форми, методи и техники) што се планираат и се користат во организирањето и реализирањето на наставата за развивање интеркултурна компетентност кај учениците, начини на организирање и структурирање на заеднички наставен час, реализирање заеднички часови на далечина (on-line), вреднување на учениците според развиеноста на интеркултурните компетенции.. Прилог на Упатството се урнек на Извештај за следење на заедничкиот час, Улогата и задачите на општината во поддршката на училиштата да организираат заеднички наставни часови и Видови активности за согледување од повеќе перспективи. Врз основа на податоците од Извешттајот за планот за мерења на постигањата за подобрена меѓуетничка кохезија во образованието за учебната 2021/22година, подготвен од Комисијата за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието, По однос на заеднички активности во редовните часови со ученици од различни наставни јазици, вкупно 115 основни училишта реализирале заеднички активности, додека бројот на средни училишта кои реализирале заеднички активности во редовните часови со ученици од различни наставни јазици е 29. Од податоци може да се констатира дека и во основното и во средното образование бројот на реализирани заеднички часови со физичко присуство е значително поголем во споредба со заедничките часови реализирани онлајн. Најголем број заеднички часови со физичко присуство основните училишта реализирале по предметот странски јазик а најмал по ИТ предмети, додека со онлајн настава најголем број заеднички часови основните училишта реализирале по предметите странски јазици и ликовно образование а најмал по предметот физичко образование. Кога станува збор за средните училишта најголем број заеднички часови со физичко присуство реализирале по предметот практична настава а најмал по музичка култура, додека со онлајн настава најголем број заеднички часови основните училишта реализирале по ИТ предмети а најмал по предметот музичка култура. Во учебната 2021/2022 г. во сите училишта, се реализираа вклупно 9905 часови (5518 во основните училишта и 4387 во средните училишта) вклучувајќи 2818 ученици од различни наставни јазици (2277 од основните училишта и 541 од средните училишта)

Во 2022 г., во рамки на Проектот на Детска Фондација Песталоци - Јакнење на мултиетничката соработка во општините, овозможена е професионална поддршка од стана на советници на БРО преку посета на преку 135 редовни и заеднички часови со над 2500 ученици кои ја следеа наставата на различни наставни јазици. И во 2022г. продолжи да се користи интеркултурната воспитно-образовна платформа https://eduresurs.mk/, развиена од страна на Нансен Дијалог Центар Скопје.

Интеркултурна воспитно-образовна платформа е градена и развиена како ризница на лесно достапни и широко применливи едукативни содржини и ресурси, со цел поддршка на воспитно-образовниот процес во одделенска настава.

**1.3. Приоритетна цел: Зголемување на меѓусебната соработка меѓу различни општински/ државни училишта**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.3:**

Во рамки на грантовите кои ги додели МОН за меѓуетничка интеграција за учебната 2021/2022 година, училиштата организираа активности во кои активно се вклучени различни општински/ државни училишта. Од вкупно доделените 70 гранта за основни училишта, 60 училишта добитници на грант активностите ги спроведуваа во партнерство со друго училиште/а (претходната учебна година 53 училишта добитници на грант активностите ги спроведуваа во партнерство со друго училиште/а).

**1.4. Приоритетна цел: Зголемена соработка на наставниците што предаваат на различни наставни јазици**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.4:**

Во однос на цел 4.1 Зајакнување на компетенциите на наставниците за работа во интеркултурна средина и мерката 4.1.1.1 ,,Обуки на наставници за стекнување компетенции за работа во мултикултурни средини преку заеднички наставни/вон-наставни активности”, Бирото за развој на образованието согласно своите надлежности за професионален рзвој на наставниците во Програмата за професионален развој на наставниците донесена од страна на министерот за образование и наука , а изготвена врз основа на Стандардите за наставник и стручен соработник во основно и средно образоваие  има акредитирано обука за развивање на интеркултурни компетенци кај наставниците .Во текот на 2022 година обуката со наслов ,,Мултикултурализам во еднојазични и повеќе јазични училишта“  е следена од страна на 742 наставници. Во 2022 година, продолжи со имплементација системот за кариерен развој на наставниците во основно образование и назначени се нови 56 наставници ментори. Со Правилникот за професионалните стандарди за звањата наставник - ментор и наставник-советник и начинот на стекнување, уредени се компетенциите кои треба да ги стекне наставникот ментор во подрачјето ,,Создавање стимулативна средина за учење”, меѓу кои се и ,,развивање стратегии и активности за мултикултурализам, интеркултурализам и меѓуетничка интеграција и демократско учество во наставната и вонnаставната работа”. Бирото за развој на образованието во текот на 2021/22 година спроведе истражување „Наставникот-фактор за интеркултурно образование“ (развој на интеркултурните компетенции кај наставниците од основното образование) што се состоеше од два дела: квнтитативно и квалитативно истражување. Квантитативниот дел се однесуваше на мислењата и ставовите на наставниците Македонци и Албанци од

основното образование, во поглед на: Интеркултурните компетенции на наставниците; Соработката меѓу наставниците од двата наставни јазика; Заедничките обуки и Квалитетот на наставата. Дополнителна цел на квантитативното истражувањето беше да се провери ставот на наставниците Албанци и Македонци кон прифаќање и почитување на мултиетничката реалност на нашата држава. Квалитативниот дел од истражување овозможи да се добијат попродлабочени сознанија стекнати преку квантитативното истражување, на тој начин што се обезбеди дополнителен увид во ставовите и мислењето на наставниците во врска со истите сфери од образованието. Заклучоците од истражувањето водат кон препораки за тоа дека: Наставниците од двете етнички заедници треба да станат свесни дека интеркултурните компетенции вклучуваат подготвеност за интеракција, базирана на меѓусебно прифаќање и почитување, континуираната професионална соработка меѓу наставниците од различни наставни јазици која води кон унапредување на наставата, а не само како предуслов за реализација на заеднички активности со „мешани“ групи ученици. Се смета дека само на таков начин наставникот станува модел на идентификација за учениците кој, на подолги патеки, придонесува за подобрување на интеретничките односи во општеството и за зголемување на неговата кохезивност. Значаен фактор за интеракција е воспоставување практика на реализација на заеднички обуки со учество на наставници од различни наставни јазици, при што ќе се почитуваат сите застапени јазици. Наставниците од сите наставни јазици треба да станат свесни дека квалитетот на наставата повеќе зависи од нив самите (нивните компетенции и нивниот ангажман на работното место), отколку од учебниците или од институциите. Обуки континуирано се спроведуваа и со поддршка на граѓанските организации и партнери, и тоа: *„Образование на помалкубројните етнички заедници“* е проект кој Фондацијата Отворено општество-Македонија (ФООМ) го реализира во партнерство со Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на заедниците и Бирото за развој на образованието. Целта на проектот е да обезбеди поддршка на десет училишта со настава на јазиците на помалубројните етнички заедници преку подобрување на компетенциите на наставниците како и подобрување на наставните и други образовни ресурси неопходни за квалитетна настава и учење (техничка опременост, учебници и наставни материјали, дидактички и други материјали на јазикот на настава). Во рамките на проектот повеќе од 400 наставници ги подобрија своите компетенции учествувајќи во обуките реализирани во партнерство со Фондацијата „Чекор по чекор“. Дополнително, во секое проектно училиште е формирана *Заедница за учење* преку која наставниците заеднички учат, напредуваат и меѓусебно си помагаат. Покрај редовните активности на заедниците за учење кои се организираат во секое училиште, се организираат и регионални средби со цел наставниците од различни училишта со различни наставни јазици да воспостават професионален дијалог и да го разменат своето искуство. Во рамките на истиот проект во соработка со Фондацијата Метаморфозис се организираа четири **вебинари** врзани за дигиталните вештини потребни за успешна онлајн настава, за безбедноста и приватноста на онлајн настава, за создавање и споделување отворени образовни ресурси како и за формативното оценување во услови на настава на далечина. Во соработка со МЦГО, во рамки на Проектот на УСАИД за МИМО изработени се две онлајн обуки за наставници и стручни соработници кои се поставени на Едуино и на Иновет платформата: обука за реализација на заеднички часови и обука за примена на стандардите за нтеркултуно образование. Воедно, во рамките на Проектот на Детска Фондација Песталоци - Јакнење

на мултиетничката соработка во општините, спроведени се  обуки за сите наставниците од 27 проектни училишта за примена на стандардите за интеркултурно образование како во редовната настава така и во воннаставни активности. Развиен е практикум за наставници за примена на стандардите за интеркултурно образование.
Тренинг центар при Нансен Дијалог Центар Скопје продолжи со континуирано организирање на три циклуси на обуки за интеркултурно образование (Модул А, Модул Б и Модул Ц) кои беа спроведени во текот на целата 2022 година. Успешно е завршен циклус од 6 работилници од Модул А. Преку 50 наставници, стручни соработници и воспитувачи активно партиципираа на обуките посветени на интеркултурното образование. Успешно заврши и циклусот на обуки од Модул Б и беа доделени сертификати за две групи на учесници. На 2 јуни 2022 беа доделени сертификатите на наставници и стручни соработници кои успешно го завршија циклусот на обуки од Модул Ц. Обуките беа наменети за наставници и стручни соработници од основно и средно образование кои наставата ја реализираат на сите пет наставни јазици. Во истите активно беа вклучени повеќе домашни и меѓународни предавачи, како и партнерската организација Совет за интегрирано образование на Северна Ирска.

**1.5. Приоритетна цел: Зголемена соработка на релација училиште -родители - ученици**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.5:**

Во рамки на грантовите кои ги доделува МОН за меѓуетничка интеграција, училиштата организираат и настани во кои активно се вклучени родителите/старателите.
Во рамките на Нансен модел за интеркултурно образование се негува континуирано соработка со родителите на учениците. Истата се реализира согласно Годишната програма креирана за родителите, како активни партнери во градењето на интеркутлурен воспитно-образовен амбиент, а е достапна на три јазиици (македонски, албански и турски јазик) и објавена на следниот линк: https://nmie.org/mk/publikacii/ Во рамки на проектот *„Редовно на часови:акција за вклучување на Ромите во основното образование“,* финасиран од ЕУ, Фондација Отворено општество- Македонија и Здружението Центар за образовна поддршка *Дендо вас* организираа тркалезни маси во општини со значително ромско население. Овие јавни настани имаа за цел да ја зголемат соработката помеѓу училиштата, локалните власти и родителите но и да ги мотивираат родителите да ги запишат децата во училиште и да ги поттикнат редовно да ги посетуваат часовите и во услови на пандемија. На тркалезните маси учествуваа родители Роми, како и претставници од локалната самоуправа, основните училишта, невладините организации  како и образовните и здравствените медијатори.. Еден од критериумите при вреднување на апликациите од Јавниот повик  за доделување на финансиски средства на училиштата кои реализираат активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција е и бројот на вклучени родители/старатели во овие активности

## Приоритет 2: Унапредување на учењето на јазикот на „другиот“

### 2.1 Приоритетна цел: Подобрено познавање на македонскиот јазик меѓу учениците кои посетуваат настава на јазик различен од македонскиот

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 2.1:**

Во однос на мерката 2.1.1.1 ,,Ревидирање на наставната програма за изучување на македонскиот јазик како немајчин јазик во IV одделение", од учебната 2022/2023 година започнаа да се применуваат новите наставни програми по македонски јазик за учениците од другите заедници за четврто и петто одделение (донесени во месец декември 2021). Реализирана е и мерката 2.1.1.3. „Обука на наставници за ревидираната наставна програма". Од страна на Бирото за развој на образованието спроведена е обука за наставниците.

### 2.2 Приоритетна цел: Учениците што учат на македонски јазик се оспособени за базична комуникација на јазикот на други етничи заедници

**Постигнати резултати во 2022 во насока на исполнување на Приоритетна цел 2.2:**

Мерката 2.2.1.1 ,,Ревидирање на наставниот план" е реализирана во 2020 година, но имплементацијата започна етапно во 2021 година. Согласно новиот наставен план предвидено е училиштата што се лоцирани во општини во кои, освен македонскиот, има и втор службен јазик, може, во согласност со родителите, да им понудат на учениците кои ја следат наставата на друг јазик, да го учат и вториот службен јазик преку изборниот предмет Јазик на заедницата од IV до IX одд. како дополнителен наставен предмет. На сите ученици кои не ја следат наставата на албански јазик им се нуди можноста во периодот VI-IX одд. да го учат албанскиот јазик како дополнителен изборен предмет. Врз основа на Концепцијата и наставниот план, имплементацијата во шесто одделение ќе започне од учебната 2023/2024 година. Согласно податоците од Извешттајот за планот за мерења на постигањата за подобрена меѓуетничка кохезија во образованието за учебната 2021/22година вкупно 59 училишта (14 основни и 45 средни училишта) организираа курсеви за изучување на јазикот на друга етничка припадност, а нив ги посетија вкупно 1084 ученици и 245 наставници. Најголема посетеност имаше за изучување на македонскиот, албанскиот и турскиот јазик. Најголем дел од училиштата кои организираат курсеви за изучување на јазикот на „другиот" се средните училишта од Град Скопје каде се реализираат и заеднички наставни часови. Како резултат на соработка помеѓу Нансен Дијалог Центар Скопје и Канцеларијата на Високиот комесар за национални малцинства на ОБСЕ изработена е уникатна мултијазична платформа Fraza.mk, четиријазичен разговорник, која овозможува лесно, аудио-визуелно и интерактивно запознавање со македонски, албански, турски и српски јазик.Разговорникот е бесплатно достапен и лесно применлив за различни видови на електронски уреди, а овозможува лесно и забавно запознавање со четирите јазици.

## Приоритет 3: Зајакнување на елементите на мултикултурноста во наставните содржини

**3.1 Приоритетна цел:** ***Ревидирани учебници во насока на запознавање со културата на „другиот“ и намалување на предрасудите***

**Постигнати резултати во 2022 во насока на исполнување на Приоритетна цел 3.1:**

Мерките 3.1.1.1 и 3.1.1.2 се реализирани во текот на 2020 година. По однос на мерката 3.1.1.3 донесување на Концепција за учебници и други наставни и дидактички материјали и Методологија за вреднување на учебници и наставни материјали, во тек е подготовка на нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали, во кој е уредена законска обврска за изготвување и донесување на Концепцијата и Методологијата. Врз основа на новата Концепција за основно образование се донесени нови наставни програми за второ одделение и за петто одделение, кои се применуваат во настава од учебната 2022/2023 година (септември 2022г.) и нови наставни програми за трето одделение кои ќе се применуваат во настава од учебната 2023/2024 година (септември 2023г.). Започната е изработка на нови наставни програми за шесто одделение. Наставните програми се изработени од работни групи формирани од Бирото, а составени од советници, наставници од основните училишта и универзитетски професори. Во текот на целиот процес на изработка на програмите, работните групи се консултираа и со ***експерти од области на коишто се темели новата Концепција: родовата еднаквост, инклузивноста и мултикултурализмот***, како и за заштитата на животната средина, почитување и заштита на правата и слично. Наставните програми за второ, трето и петто одделение се изработија врз основа на Националните стандарди и Стандардите за интеркултурно образование и се базирани на компетенции коишто учениците почнуваат да ги стекнуваат од прво одделение, а продолжуваат да ги развиваат во наредните одделенија, пред сé компетенциите кои произлегуваат од подрачјето со кое наставниот предмет има директна врска, но и трансверзалните компетенции преку кои се остварува и интеграцијата и се овозможува целосен развој на учениците. Во секоја од новите наставни програми има подглавје ***,,Инклузивност, родова рамноправност/сензитивност, интеркултурност и меѓупредметна интеграција”,*** во кое е наведено дека при избор на дополнителни материјали во наставата се користат илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Врз основа на новите наставни програми изработени се и нови учебници за прво, второ, четврто и петто одделение, во кои се почитува инклузивноста, родовата рамноправност и интеркултурноста. Учебниците се изработени на сите пет наставни јазици. Со Решение од министерот за образование и наука бр. 18-14611/1 од 1.12.2022 г. формирана е Комисија за разгледување на можноста за унапредување на употребата на влашкиот јазик во основното образование во Република Северна Македонија. Од страна на Нансен Дијалог Центарот креиран е нов Прирачник ,,Чекори кон интеркултурализам” како поддршка на наставници, стручни соработници, родители, но и заинтересирани поединци во развивање на интеркултурна, инклузивна и топла атмосфера во

училниците, со цел секој да се чувствува добредојдено, препознаено и прифатено! Публикацијата е мал водич низ интеркултурни предизвици и произлезе како резултат на желбата да се надминат многубројни дилеми, а понекогаш и погрешни перцепции за интеркултурните аспекти на воспитно-образовниот процес.

### 3.2. Приоритетна цел: Воведени нови проектни активности за културата и традицијата на сите заедници

**Постигнати резултати во 2022 во насока на исполнување на Приоритетна цел 3.2:**

Реализирана е мерката А 3.2.1.1 ,,Донесување на национални стандарди за постигањата на учениците во рамките на што се дефинирани и стандарди за интеркултура" и истите се донесени со Решение на министерката за образование и наука бр. 08-4176/2 од 5.03.2021 г. Реализирана е и мерката А 3.2.1.2 ,,Изготвување на стандарди за интеркултурализам за секој период од основното образование". Стандардите за интеркултурно образование се донесени со Решение на министерката за образование и наука бр.12 – 11647/2 од 6.8.2021 г. Врз основа на стандардите се изготвени и новите наставни програми наведени претходно, а ќе се изработат и новите наставни програми од шесто до деветто одделение. Со Решение на министерката за образование и наука бр.13 – 459/2 од 13.1.2022 г. донесени се и Стандардите за интеркултурно образование во средно образование. Овие стандарди понатаму ќе бидат инкорпорирани и во Националните стандарди за постигањата на учениците во средно образование. Мерката А 3.2.1.3 Создавање на прирачник за реализација на проектни активности за културата и традицијата на сите заедници, не е реализирана во текот на 2022 година, поради промената на наставниот план за основно образование. Согласно новиот наставен план и новата концепција за основно образование од прво до третто одделение се организираат слободни активности во училиштата а од четврто до деветто одделение секое училиште нуди слободни изборни предмети. Од страна на неколку училишта се изработени, а одобрени се од БРО, наставни програми за слободен изборен предмет ,,Мултикултурни работилници". Во однос на мерката 3.2.2.1 основање на сектор во МОН одговорен за интегрирано, инклузивно и интеркултурно образование, во Извештајниот период активно работеше Комисијата за МИО при МОН, највисоко тело во државата одговорна за следење на реализацијата на МИО активностите на ниво на држава, обезбедување на одржливост на овие активности и тело кое го организира процесот на доделување на грантови на училиштата за реализација на МИО активности секоја година. Комисијата изработи Извештај за спроведување на МИО активности за учебната 2021/2022 година.

## 2. ПРЕДИЗВИЦИ И РИЗИЦИ ВО ТЕКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИСКИОТ ПЛАН, СО ПРЕПОРАКИ

И покрај тоа што е донесено *Упатство за организирање на заеднички наставни активности,* сепак и понатаму училиштата најголем фокус ставаат на организирање на заеднички воннаставни активности и во иднина потребно е поголема поддршка на локално ниво со цел организирање на заеднички наставни часови. Како добар пример

за организирање на заеднички наставни часови може да се земе Град Скопје. Во повеќејазичните училишта просторно-временската организација на наставата се реализира на тој начин што ги превенира контактите помеѓу учениците што учат на различни наставни јазици, поради што процент на ученици од различни наставни јазици кои навистина се среќаваат, спријателуваат и соработуваат додека се во училишните клупи иако расте сепак има простор за значително подобрување. Според податоците собрани од електронското истражување (на анкетниот прашалник одговориле вкупно 302 основни и средни училишта) за Извешттајот за планот за мерења на постигањата за подобрена меѓуетничка кохезија во образованието за учебната 2021/22година, спроведено од Комисијата за унапредување на меѓуетничката интеграција во обраозванието, утврдено е дека 11.1% од основните училишта и 11.9% од средните училишта кои доставиле одговор немаат реализирано никакви активности за меѓуетничка интеграција во образованието. Бирото за развој на образованието во текот на 2021/22 година спроведе истражување „Наставникот-фактор за интеркултурно образование“ (развој на интеркултурните компетенции кај наставниците од основното образование). Заклучоците од истражувањето не водат кон препораки за тоа дека: Наставниците од двете етнички заедници треба да станат свесни дека интеркултурните компетенции вклучуваат подготвеност за интеракција, базирана на меѓусебно прифаќање и почитување, континуираната професионална соработка меѓу наставниците од различни наставни јазици кој води кон унапредување на наставата, а не само како на предуслов за реализација на заеднички активности со „мешани“ групи ученици.

Посебено внимание, во нашиот образовен систем, треба да се обрне на користењето на различните наставни јазици. Моментално во државата се користат пет наставни јазици (македонски, албански, турски, српски и, од неодамна, босански). Но, во услови на познавање само на мајчиниот јазик, и непознавање на другите јазици самите контакти меѓу припадниците на различните заедници стануваат потешки за реализирање во отсуство на заеднички јазик.

**Препораки:**

- Училиштата да се запознаат со изработените Стандарди за интеркултурно образование и Упатството за организирање заеднички часови да ги користат како ресурси при планирање и реалзизација на активности за јакнење на меѓуетничката интеграција;
- Да се спроведе обука за инспекторите од ДПИ за Упатството за организирање на заеднички наставни часови;
- Да се продолжи со зајакнување на капацитетите на институциите на централно ниво, преку воспоставен систем на континуирани обуки;
- Да се зајакнат капацитетите на наставниот, стручниот и раководниот кадар за интеркултурализам преку обуки;
- Да се развие Прирачник за напредна обука на директори, во која ќе се разработи модулот за меѓуетничка интеграција во образованието (по примерот на Програмата за обука и испит на директор во основните и средните училишта и Прирачникот за обука);
- Да се разгледа можноста и да се пилотира прилагодување на организацијата на наставата во заеднички смени на ученици кои учат на различен наставен јазик,

согласно препораките на концепцијата за основно образование и согласно просторните можности на училиштата;

- Да се промовира учењето на јазикот на помалубројните заедници (потребна е поголема промоција помеѓу родители,старателите и учениците за можноста за избор на слободниот изборен предмет Јазик на заедницата);
- Да се донесе нова Концепција за изработка на учебници и наставни материјали и нова Методологија за вреднување на учебници и наставни материјали.

## 3. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА СПРОВЕДЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТА ОБРАЗОВАНИЕ

| **Актиност/мерка предвидена за реализација во 2022 согласно Акцискиот план** | **Статус на реализација** | **Кратко образложение** |
|---|---|---|
| **Приоритет 1: Обезбедување интеракција меѓу учениците од различните етнички заедници и различните наставни јазици во основното и средното образование** | | |
| 1.1.1.2. Реализација на заеднички наставни активности по наставните предмети: Физичко и здравствено образование, странски јазик, Музичко образование, Ликовно образование и Информатика | Во тек (континуирано) | Вкупно 115 основни и 29 средни училишта реализирале заеднички активности во редовните часови со ученици од различни наставни јазици.<br><br>Во учебната 2021/2022 г. во сите училишта, се реализираа вклупно 9905 часови (5518 во основните училишта и 4387 во средните училишта) вклучувајќи 2818 ученици од различни наставни јазици (2277 од основните училишта и 541 од средните училишта) |
| **Приоритет 2: Унапредување на учењето на јазикот на „другиот“** | | |
| 2.1.1.1 Ревидирање на наставната програма за изучување на македонскиот јазик како немајчин јазик во IV одделение | Реализирано | Од учебната 2022/2023 година започнаа да се применуваат новите наставни програми по македонски јазик за учениците од другите заедници за IV и V одделение |
| 2.1.1.2. Креирање наставни и дидактички материјали за изучување на македонски јазик како нејмачин јазик | Во тек | Спроведени се постапки за изработка на нови учебници по македонски јазик за учениците од другите заедници за IV и V одделение во деветгодишно основно образование |
| 2.2.1.2 Креирање наставна програма за учење на јазикот на побројните заедници од почнувајќи од IV одд. | Во тек | Во тек е изработка на нова наставна програма |

| | | |
|---|---|---|
| 2.2.1.3. Учениците што учат на македонски јазик во повеќејазични училишта/општини имаат изборен предмет за јазикот на други етнички заедница почнувајќи од IV одд. | Реализирано | Со наставниот план од учебната 2021/2022 година воведен е слободен изборен предмет Јазик на заедницата од IV одделение |
| **Приоритет 3: Зајакнување на елементите на мултикултурноста во наставните содржини** | | |
| 3.1.1.3. Донесување Концепција за учебници и наставни материјали и Методологија за вреднување на учебници и наставни материјали | Во тек | Подготвен е нов предлог Закон за учебници во кој се воведува законски основ за донесување на Концепцијата и Методологијата |
| 3.2.1.1 Изготвување на стандарди за интеркултурализам за секој период од основното образование | Реализирано | Усвоени се стандарди за интеркултурно образование за секој период во основното образование и стандарди за интеркултурно образование на крајот на средното образование. |
| 3.2.2.1 Креирање сектор во МОН одговорен за интегрирано, инклузивно и интеркултурно образование | Не е реализирано | И во текот на 2022 г. активно работеше Комисијата за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието координирана од МОН, а во која членуваат и претставници од Министерство за политички систем, БРО, ЦСОО, ДПИ, ДИЦ и ЗЕЛС. |

**- СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: КУЛТУРА -**

## РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО СТРАТЕШКАТА ОБЛАСТ ,,КУЛТУРА”

Анализата на резултатите од активностите реализирани во 2022, покажува зголемено исполнување на целите интегрирни во двата приоритети од стратешката област култура.

Развојот на кохезивни и инклузивни политики продолжи и преку создавањето на нови стратешки документи како Националната развојна стратегија и Стратегијата за млади. Но и преку натамошната имплементација и разработка на конкретни акциски планови, како АП на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација или на Стратегијата за развој на Ромите, каде што беа создадени акциските планови и во делот на културата и беа идентификувани мерки и активности коишто треба да ја унапредат културата но и интегрираноста на најранливата заедница во општеството. Градот Скопје поднесе апликација за најголемата и најпрестижна културна програма Европска престолнина на културата, за 2028 година. Пријавната книга го помина првиот круг на селекција, со концепт што експлицитно се залага за афирмација и развој на меѓусебната почит, разбирање и поддршка на културните различности во градот. Зголемена беше поддршката за проекти и активности кои ја подигаат свеста и потребата од силен интеркултурен дијалог, заемно меѓусебно разбирање и еднаква вклученост во културна и уметничката продукција на заедниците при двата главни конкурси, Годишната програма на Министерството за култура и повикот на Агенцијата за остварување на правата на заедниците. Голем исчекор направија резултатите од конкурсот при Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, каде што 23 од 33 од прифатените проекти беа посветени на еднаквите можности на ранливите групи и заедници, општествената инклузија, интеркултурниот дијалог, борбата против говорот на омраза, за елиминирање на национализмот, ксенофобијата и разните форми на дискриминација. Сепак, и 2022 година беше година со многу предизвици, со сложена меѓународна и домашна општествена ситуација, со нов развој на националистичките и монокултурните наративи, со продолжена ковид криза и нова финансиска и ресурсна криза предизвикана од воената агресија врз Украина. Таа предизвика последователни буџетски кратења и рестрикции кои се одразија и на реализацијата на дел од активностите, подигнување на капацитетите и надградување на постојните ресурси на институциите и организациите од интер/културата. Врз база на стекнатите искуства, дел од нереализираните активности треба да се репорграмираат врз новата стратешка рамка, а политиките на константни и одржливи вредности треба да се зголемат за да доведат до видливи исходи и трајни промени.

### 1. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

**Приоритет 1: Создавање еднакви можности, целосна достапност и вклученост на сите граѓани во развивањето и негувањето на интеркултурализмот и градење заедничките културни вредности и специфичности**

**1.1 Приоритетна цел: Демократизација на културата со развивање кохезивни и инклузивни политики**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.1:**

Бидејќи првата мерка и соодветна активност од стратешкиот план, М1.1./А 1.1.Усогласување на стратегиите, културните политики и други јавни и оперативни документи на локалните самоуправи и Градот Скопје, со новата стратегија за Едно општество и интеркултурализам, е замислена како активност која се реализира континуирано, како резултат ќе ја наведеме Пријавната книга на градот Скопје за најголемата и најпрестижна Европска културна програма, Европска престолнина на културата 2028. Впрочем во 2021 беа донесени двете најтипични градски стратегии за оваа стратешка област, Стратегијата за млади на град Скопје и Стратегијата за развој на културата на град Скопје со акциски план за 2021-2030 година.

Пријавната книга (достапна на следниот линк https://univerzalna.com.mk/%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B7%D0%B5%D0%BC%D0%B0%D1%9A%D0%B0/) е силно инспирирана од интеркултурните вредности и богатиот диверзитет на градот. Самото мото на програмата „Култура преку поделбите/Culture over division“ силно ја содржи симболиката на инклузијата, заедништвото, потребата од поголема интеграција на општеството и градот. Авторите на пријавната книга вака го образложуваат основниот концепт.

„Скопје е град со богато културно и историско наследство што потекнува од дамнини. Визијата на СК2028 е тоа наследство да се искористи за обединување, за споделување на културата, за придонес кон заемното разбирање на културите коишто се повеќе слични отколку различни. Мотото на Унијата е „обединети во различноста“. Нашиот град е првокласен пример за тоа како мултиетничко, повеќе религиско општество може да функционира во мирен соживот. Во Скопје има бројни примери кога тоа наследство се користи како мост помеѓу две, а некогаш и три заедници и нивните култури ... Штом се помине Камениот мост и се влезе во Старата чаршија, најголема на Балканот, населена со Македонци, Албанци, Турци, кои повеќе од еден век живеат и работат во хармонија и мир, создавајќи нови артефакти. Некогашните амами се национални галерии, а старите отомански административни згради се најголемите културни центри.“ Во продолжение, авторите зборуваат за интеграцијата на Ромите, за заедничкото славење на Ѓурѓовден/Елдерлез, како и за обичајот на мартинките кое е споделено македонско и бугарско фолклорно наследство. Тие образлагаат дека со нивниот концепт сакаат да ги надминат проблемите со кои се соочува градот како „етнички поделби, општествена исклученост, маргинализација на ранливите групи, нетолеранцијата, радикализмот и екстремизмот“. Според нив, токму мултикултурниот карактер на градот го бара таквиот пристап затоа што секоја негативна идеологија на поделба и омраза, може „да стане рак што одвнатре ќе ја уништи заедницата“. Нивната појдовна точка е дека примери на поделба има, но дека позитивните примери доминираат, дека не е достигната критичната точка, но дека токму затоа сега е времето кога треба да се дејствува во вистинската насока. Понатаму во образложението на концептот, авторите зборуваат за потребата од еднакви можности за сите, затоа што нееднаквоста, која е присутна и во многу сфери, и економска и општествена, го разградува ткивото на заедницата. Како

друг негативен термин ја споменуваат и просторната сегрегација која доведува до поделба. Зборуваат за наследството на социјализмот коешто Скопје го замислило како отворен, инклузивен, а не град на поделби и дезинтеграција. Концептот, понатаму се рефлектира и во целите на програмата. Се наведуваат „зголемување на свеста и почитта на граѓаните за културната различност“, „зголемување на бројот на маргинализирани групи и граѓани со предизвици кои посетуваат културни настани“. Од четирите програмски столбови, едниот носи експлицитно име „Заедно/Togetherness“. Во образложението на програмскиот концепт се повикува на солидарноста на пост-земјотресно Скопје и повторно се наведуваат поимите толеранција, дијалог, заемна почит и разбирање. Меѓусебните поврзувања и инклузивниот развој се цели кои програмата ќе ги оствари преку креативни активности на различни заедници, повторна употреба на напуштени простори, со проекти на уметност во заедницата, дебати, работилници со кои граѓаните повторно ќе го стекнат правото на град. Трет стратешки документ чија што имплементација продолжи со формирање на посебно координативно тело за следење на имплементацијата е Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија 2021-2026. Програмата е усогласена со Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот 2020-2022 година во делот на Инклузивниот развој, родовата еднаквост, достапноста на услугите до сите граѓани, фокусот врз најранливите категории граѓани, интеркултурното образование, развојот на локалните самоуправи преку културата. Во 2021 беше донесена десетгодишната Национална стратегија за Ромите. Како уште еден доказ за посветеноста на Владата за имплементација, а не само за донесување стратешка рамка, во 2022 се прејде на понатамошна разработка на конкретен акциски план, како потврда и на принципите на еднаквост, промовирање на учеството на ромската заедница во сите фази на креирање политики, со комбинација на мејнстрим и таргетирани мерки во секоја од областите за мерење на достигнувањата и влијанието врз заедницата. Подготовката на АК на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 беше организирана низ партиципативен процес на министерствата и надлежните институции кои се во поврзани со приоритетните области од Стратешката Рамка на ЕУ за Ромите, во консултација со граѓанските организации кои работат на интеграција на Ромите во општеството. Во таа смисла и Националниот координатор во октомври 2022 беше вклучен во изготвувањето на 3 годишни национални акциски планови во областа на култура, граѓанска документација и антициганизам во согласност со Стратегијата за Ромите. Во делот за култура на работниот состанок преставници од ресорното министерство и граѓанските активисти врз основа на клучните предизвици во културата ги поставуваа 3 годишните оперативни цели и активности.

Врз основа на стратешката цел: Развој, негување и промоција на ромската култура, јазик и традиција и поставените 4 специфични цели:

1. Создавање установи за развој, негување и промоција на ромската култура, јазик и традиција

2. Создавање и усовршување на професионални културни уметници од ромската заедница

3. Зголемена поддршка на проекти поврзани со развојот, негување и промоција на ромската култура

4. Подобра промоција и запознавање на другите со ромската култура и намалување на стереотипите и дискриминацијата говорот на омраза, негативните перцепции и анти-ромските наративи во општеството. Се креираа неколкугодишини акции, мерки и проекти за да се постави основа за реализација на стратешката амбиција. За антициганизмот се говореше како една подлабока форма на дискриминација и се разгледуваа иницијативи кои што ќе ја потикнат свеста и сензибилизацијата како и подобрување на севкупниот сервис и услуги (каде што е и најзабележителен субјективниот пристап и бариери). Во текот на 2022 година, продолжија консултациите со надлежните институции во однос на барањата на влашката заедница за изработка на посебна развојна стратегија за културните и образовните права на Власите, по урнекот на Стратегијата за Роми. До КТ беше доставена нацрт верзија на документот. Како процес, се заклучи дека е подобро прво да се усогласат мерките и активностите што би се спровеле, за да има пореалистична основа и поефикасна имплементација. Во таа насока, Министерот за образование формираше работна група од претставници на МОН и влашката заедница, за делот на унапредување на образовните права. Во тек се консултации со Министерството за култура, а се планираат средби и со Националната радио телевизија за унапредување на информирањето на влашки јазик. Иако ниту во 2022 не се реализира завршната активност М 1.2 Вклучување на ЕЛС и Градот Скопје во платформата Интеркултурни градови добрата соработка со платформата ИГ продолжи преку канцеларијата на националниот координатор. Причините за нефинализирање на мерката се промената на власта, што доведе и до персонални промени во највисоките градски власти, бавното воспоставување на новата комуникација, секако и ограничениот буџет поради кризата, затоа што членството во мрежата има и финансиски импликации. Националниот координатор во 2022 година беше избран во нов четиригодишен мандат на преименуваниот Комитетот на експерти за интеркултурна интеграција на мигранти при Секторот за антидискриминација на Советот на Европа. Во тоа својство учествуваше во работата на комитетот кој имаше задача да подготви два документи: Програма и инструменти за подигање на капацитетите за интеграција на мигранти како поддршка за имплементација на Препораката за мултилевел политики и управување со интеркултурна интеграција на национално ниво CM/Rec(2022)10, како и физибилити студија за нови правни механизми или критериуми за сеопфатни стратегии на инклузија. Во насока на продлабочување на соработката и подигнување на меѓународниот углед на земјата како пример на добри практики за интеркултурен дијалог и интеграција, Владата, во соработка со Министерството за надворешни работи, беше домаќин на Вториот редовен состанок на Комитетот на експерти кој се одржа на 18 и 19 Октомври 2022 во Скопје. Комитетот на состанокот во Скопје, работеше на изработка на новите документи во рамките на општата цел „да обезбеди еднаквост за сите, да градење на инклузивно општество, и да овозможи ефикасна заштита од дискриминација и омраза и да создаде амбиент каде што различноста се почитува“. Бидејќи, подготовката на новиот стратешки циклус од Стратегијата за развој на концептот Едно општество и интеркултурализам е дел од програмата на Владата за 2022 година, искуствата и работата на Комитетот, беа значајни и за Координативното тело за имплементација и подготовка на новиот текст. Се одржаа неколку средби и размена на искуства на повеќе нивоа и се реактуализираа членството во мрежата Интеркултурни градови, како и можноста за пилот проект за управување на повеќе нивоа на власта (multilevel governance) за интеркултурна интеграција.

**1.2 Приоритетна цел: Зајакнување на надлежностите и севкупните капацитети и ресурси на институциите од културата и уметноста за креирање и спроведување на проекти кои обезбедуваат култура за сите**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.2:**

Мерките и активностите предвидени за остварување на приоритетната цел 1.2:

М1.2.1. Обуки за управување со различноста, интеркултурна медијација, интеркултурен проектен менаџмент на институциите од културата и уметноста и
А 1.2.1.1. Годишен тренинг- модул со повеќе сесии, изработка на труд и сертифицирање на претставниците на институциите

не се реализираа, повторно поради финасиските пречки создадени, овојпат од воената агресија на Русија врз Украина. За да се надмине недостатокот од средства, како објективна пречка од Пандемијата Ковид 19, во 2021 година беше договорено мерката да се спроведе во партнерство со Нансен дијалог центарот. НДЦ, како организација со солидно портфолио во делот на интеркултурното образование, креираше курикулум во кој вклучи соодветни интеркултурни експерти во делот на Управување со културната различност. Беше изработен предлог-проект, за којшто, во договор со вицепремиерот за евроинтеграции, беа побарани средства од билатералниот пакет со Норвешка. Но обезбедувањето на средствата не се случи, затоа што во март 2022 година, норвешката влада значително ги намали средствата, пренасочувајќи ги за помош кон Украина.

М 1.2..2 Вклучување соодветни содржини во годишните програми на националните установи:

Анализата на годишните програми на институциите која што ја правиме врз база на резултатите од повикот, објавени на веб страницата на Министерството за култура (https://kultura.gov.mk/25648/), покажува подобрување на интеркултурната програма. Во драмската дејност, кај театрите како национални институции, и покрај релативно малиот број на проекти кои ги добиваат како официјална поддршка, може да се забележи дека културната различност е високо застапена. Речиси сите театри кои дејствуваат во т.н. мешани средини, и центрите за култура кои добиле средства за театарска програма имаат претстави балансирано, и на македонски и на албански јазик, односно вклучуваат македонски, односно албански, или турски, режисери и автори. Се забележува дека и институциите на кои во извештајот од 2021 година им недостасуваа мултикултурни автори или режисери сега ги има: НУ Гостиварскиот театар, Албанскиот театар, МНТ. Во визуелните уметности постои тенденција за мултикултурна балансираност кај институциите во мешаните средини. НУ од Куманово, Кичево, Дебар, Прилеп, Охрид. Нема добра балансираност кај НУ од Струга, Тетово, и во доминантно моноетничките средини, како Штип, Струмица, Крива Паланка, Гевгелија. На пример, кај националната галерија од Тетово чија програма е составена исклучиво од албански автори, за разлика од 2021 Галеријата во програмата има вклучено и проект за развој на ликовната уметност кај децата со посебни потреби, по повод светскиот ден. Иако програмите на овие институции се мали, тоа не може да биде оправдување за

монокултурна селекција, затоа што дел од институциите имаат, а дел од нив немаат балансирани мултикултурни програми. Културниот диверзитет е добро балансиран во програмата на најзначајната институција од областа на визуелните уметности НИ Национална галерија Скопје, а годинава значително интеркултурна програма има Музејот на современи уметности, која во рамките на реномираната меѓународна манифестација Манифеста, се претстави со голем проект посветен на ромските визуелни уметници. И изложбата од значајната програма Биенале на млади е интеркултурна. Речиси идентична е анализата и кај институционалните корисници во фолклорната дејност. Но тие за разлика од анализата во 2021 многу подобро го изразуваат културниот диверзитет, особено установите во Дебар, Кичево, Гостивар и Куманово. Добар факт е што веќе претходно констатираните манифестации од 2021 имаат континуитет и во 2022 како мултиетничкиот фолклорен фестивал во претежно моноетничка Гевгелија и фолклорната работилница за деца со посебни потреби во Берово. Како пример на добра практика и понатаму останува **НУ Турски театар Скопје**, институција посветена на културниот развој на турската заедница. За успесите на институцијата, Претседателот на државата, Стево Пендаровски го додели Призанието за Повелба на Република Северна Македонија на НУ Турски театар Скопје на 25.03.2022 година. Во однос на новиот објект на НУ Турски театар продолжува изградбата на фасада и за таа намена од страна на Министерство за култура беа преведени и исплатени 115 530 710 денари. Во 2022 година НУ Турски театар на МТФ „Војдан Чернодрински“ од Прилеп, имаше настап со преставата „Вишнова Градина“ во режија на Владимир Милчин, на кој театарот доби две награди и тоа Ханкан Даци за најдобар млад актер и Бедија Беговска за главна женска улога. Театарот настапи на неколку најреномирани државни фестивали. Анализите на прес клипингот на институцијата покажува дека претставите кои ги реализираа во 2022 се позитивно прифатени од публиката, а беа проследени и од пишаните и електронските медиуми, кои пишуваа позитивни критики. Во целост се вклопија во репертоарската политика и во потполност ги исполнија постпродукциските очекувања. Сепак поради глобалната енергетска криза и намалување на буџетот на Министерството за култура го одложи проектотот „Процес“ од Франц Кафка во режија на Џабир Доко за 2024 година. Не можеше да реализира ниту едно ново вработување од побараните четири поради заминување на дел од персоналот во пензија.

М1.2.3 Поттикнување на соработката и осмислување на заеднички културни активности на културните установи со организации што ги претставуваат овие заедници и групи:
Анализата на годишните програми на институциите покажува солидна соработка со организации, фолклорни друштва, неформални групи и поединци. Сепак само мал дел од тие програми се мултикултурни и интеркултурни, иако се забележува тенденција на зголемување во однос на 2021 година.

**1.3 Приоритетна цел: Зајакнување на надлежностите и севкупните ресурси на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.3:**

М 1.3.1 Реорганизација и зголемување на надлежностите на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија. По парламентарните избори Управата доби нов директор, претставник на бошњачката заедница. На почетокот на 2021 Управата, заедно со Министерството доби нови простории со што значително ги подобри техничките и инфраструктурните услови во кои функционира. Програмата за работа е успешно усвоена од матичната институција - Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците. **Управата** веќе дефинира круг на активности со кои поуспешно ја остварува својата мисија. Дава мислење за програми од својот делокруг на работа. Редовно остварува средби и координативни состаноци со други институции како Националната галерија Скопје, Национален конзерваториски центар, Музејот на холокаустот, претставници на Здруженија и граѓани кои ги претставуваат помалубројните заедници. Темите на средбите се околу поединечниот придонес на горенаведените институции во насока на афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија. Претставници на управата редовно присуствуваат на културни манифестации, како и на активностите со кои пригодно се одбележуваат националните празници на заедниците и други значајни датуми. Редовно учествуваат на работилници (како онаа за анализа на состојбите и утврдување нова стратешка рамка за стратегијата Едно општество), регионални конференции (за состојбата на Ромите во Европа во Словенија), на партиципативни форуми (за влијанието на резултатите од пописот и за состојбата со образовните права)и обуки на кои ги застапуваат гледиштата на институцијата, но и придонесуваат во подоброто остварување на правата на заедниците.

**Приоритет 2: Афирмација и развој на меѓусебната почит, разбирање и поддршка на културните различности во општеството, во кое културите на сите заедници, врз основа на развиен интеркултурен дијалог силно соработуваат, меѓусебно се надополнуваат и се збогатуваат**

**2.1 Приоритетна цел: Субвенционирање на програми и содржини кои се залагаат за елиминирање на национализмот, ксенофобијата, етничките стеги, религиозна, родова, полова и секаква друга дискриминација**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 2.1:**

Анализата на резултатите од годишниот конкурс на Министерството за култура за 2022 во делот на други корисници, покажува значаен диверзитет и интеркултурност на проектите, и поголемо прифаќање на проекти на припадниците на заедниците од 2021 година.

Дури половина од приоритетите во годишниот повик ги содржат целите и тематските области кои се опфатени и во Стратегијата за развој на концептот за Едно општество и интеркултурализам:

1. Поттикнување на интеркултурен дијалог;

2. Изразување, негување и афирмирање на културниот идентитет на заедниците во Република Северна Македонија;
3. Поттикнување на учеството на лица со посебни потреби, на лица во социјален ризик, на маргинализирани групи или на групи со помалку можности;
4. Унапредување на родовата рамноправност;
5. Развој и дисперзија на музичката култура на локално ниво и создавање услови за рамномерен развој во Република Северна Македонија;
6. Развој и промоција на млади уметници од Република Северна Македонија и
7. Промовирање домашни, меѓународни и интеркултурни вмрежувања, соработки и партнерски проекти, кои придонесуваат кон европските вредности и перспективи.

Во сите дејности може да се забележи дека проекти добиваат Здруженија на граѓани, компании и поединци од сите етнички заедници, доминираат во добар баланс македонски и албански уметници и за разлика од претходната година во добар број се присутни проекти од припадниците на помалите заедници. Поддржани се и проекти на автори со интеркултурен бекграунд. Препознати се организации кои имаат портфолија и докажана одличност во имплементацијата на проектите и поддржани се со буџети еднакви со оние на главните корисници. Добар е и изборот на проекти и манифестации од аспект на децентрализацијата. Застапени се не само проекти од главниот град или од поголемите градови, туку и манифестации и проекти кои доаѓаат од помалите средини. Во таа смисла може да констатираме дека и деметрополизацијата, деконцентрацијата, децентрализацијата, како критериуми на министерството за култура, во дослух со рамномерниот и инклузивен развој, приоритет од Стратегијата за едно општество, функционира. Во издавачката дејност, соодветно, балансот меѓу македонските и албанските издавачи и автори е добро направен, а има и добар број на ромски и турски изданија, присутни се изданија, но и манифестации чии носители се припадници на влашката, хрватската, српската и бошњачката заедница. Носителите на овие проекти се поддржани со неколку изданија во број и суми еднакви со останатите. Постојат неколку преводи на македонски автори на албански јазик и неколку изданија од албански јазик кои пишуваат директно на македонски јазик. Поддржани се неколку преводи на познати современи автори од Република Албанија на македонски. Како и минатата година, поддржани се изданија кои се занимаваат со мултикултурни и интеркултурни теми, меѓу кои и проекти на издавааачка куќа која што експлицитно прави интеркултуни проекти, како заедничка објава на албански и македонски јазик, дури и повеќејазични изданија, на јазиците и на помалите заедници. Повторно се присутни инклузивни сликовници, односно изданија наменети за лица со дислексија. Проектите кои би ги сместиле во приоритетот општествена кохезија, проекти за ранливи категории лица, на маргинализирани заедници, проекти за родова еднаквост, на ЛГБТ заедницата, на лицата со попреченост се значително по присутни во одобрените проекти во т.н. интердисциплинарна дејност. Фолклорната дејност, останува дејноста, како и во 2021 година, каде што културата на заедниците е најдобро репрезентирана во програмата. Агенцијата за остварување на правата на заедниците и годинава објави повик за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите. Тоа придонесува кон стабилизирање и на мисијата и улогата на оваа институција и

ја потврдува нејзината кредибилност во областа. Во согласност со големината на финансиските средства и предложените буџети за проектите беа селектирани 11 здруженија за поддршка на нивните проекти, кои се во интерес на помалубројните заедници:

1.Здружение на граѓани за промовирање и заштита на културните и духовните вредности Легис – Скопје
2.Српски културен центар – Скопје
3.Здружение на граѓани за млади, демократија и човекови права – УФУК Скопје
4.Здружение на права и хуманост – ИНТЕГРА НАУ
5.Здужение на граѓани Заедница на Хрвати во РСМ – ЗХРСМ –Скопје
6.Здружение Ромски деловен информативен центар на Македонија Скопје – ЗРДИЦМ
7.Здружени за рурален развој Локална акциска група АБЕР 2015 – Куманово
8.Здружение на граѓани – Црногорска Заедница во Република Македонија Скопје – ЦЗРМ
9. Организација за социјална иновација СОЛИС – Скопје
10. Здружение за мултикултурна интеграција ИНКЛУЗИЈА – Охрид
11. Здружение ЦЕНТАР ЗА НАПРЕДНИ ИСТРАЖУВАЊА Скопје

Од приложената листа може да се види дека многу од нив се културни здруженија или здруженија со силни културни портфолија. Во однос на минатогодишниот конкурс има и здруженија кои што повторно добиваат проект, но и такви коишто за првпат се најдоа на листата.

## 2.2 Приоритетна цел: Зголемување на бројот на интеркултурните програми и проекти на централно и локално ниво

**Постигнати резултати во 2022 во насока на исполнување на Приоритетна цел 2.2:**

М2.2.1 Интеркултурни програми и проекти на национално и на локално ниво

Во 2022 година, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, објави повик за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, во вкупен износ од 20.000.000,00 денари. Повикот беше усогласен преку континуираната комуникација меѓу Координативното тело и МПСОЗ, при што, три од десетте приоритетни цели беа во духот на Стратегијата:

- Еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење;
- Подобрување на социјалната кохезија и меѓуетничка толеранција и
- Обезбедување и промоција на вредностите на Охридскиот Рамковен договор (етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на заедниците).

Дури две третини од специфичните цели на повикот ги опфатија приоритетите и целите распоредени во седумте приоритетни области од Стратегијата. Тие беа изразени на следниот начин:

- Унапредување на меѓуетничката толеранција и елиминирање на сите видови на дискриминација (расизам, сексизам, дискриминација поради бременост, раѓање или родителство, верска, возрасна дискриминација, дискриминација поради попреченост или болест, трансродова-ЛГБТ дискриминација);
- Промоција на мултиетничкиот карактер на општеството, градење доверба и успешен соживот на припадниците на заедниците на централно и локално ниво;
- Спроведување на начелата кои произлегуваат од Охридскиот Рамковен договор;
- Унапредување на соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците, при вработувањата во администрацијата во сите централни и локални јавни органи и подобрување на меѓучовечките односи меѓу сите вработени;
- Олеснување на спроведувањето на правото на употреба на јазици и азбуки на припадниците на заедниците;
- Промовирање и заштита на културното наследство на припадниците на заедниците;
- Унапредување на меѓуетничката соработка во областа на културата, спортот и образованието;
- Промоција и унапредување на почитувањето на идентитетот на припадниците на заедниците;
- Заштита од дискриминација и инклузија на лицата со посебни потреби во образованието;
- Вклучување на родовата перспектива и прифаќање на различностите во креирањето на политиките во образованието;
- Поддршка во сузбивањето на говорот на омраза во јавната сфера и медиумското известување;
- Поддршка на иновациите во земјоделството (истражувањето, трансферот на напредна технологија, дигитализација), промовирање на вработување, социјална вклученост и развој на руралните средини со поттикнување на младите и жените во руралните средини за развој на претприемачки вештини и сопствени агро самоодржливи бизниси;
- Развој на образованието во функција на создавање на личности кои ќе ги почитуваат, негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување на духот на мултикултурализмот и интеркултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот и
- Подобрување на локалните јавни услуги, зголемување на транспарентноста, отчетноста и инклузивноста на локално ниво.

Резултатите од повикот беа објавени во Службен весник, број 275 од 22.12.2022. Анализата на резултатите покажува дека од одобрените проекти, 23 од вкупно 33 проекти, ги инкорпорираат специфичните цели издвоени овде, во духот на стратегијата или се спроведуваат од организации кои и во своето име и во својата мисија ги одразуваат нејзините принципи, начела и вредности. Бидејќи ова е прв пат од основањето на Министерството да се објавува ваков повик и затоа што е еден од повиците со најголем буџет досега, го сметаме неговиот дизајн и резултати за најдобро исполнување на целите од овој приоритет на стратегијата.

**2.3. Приоритетна цел: Зголемена поддршка за проекти и активности кои ја подигаат свеста и потребата од силен интеркултурен дијалог, заемно меѓусебно разбирање и еднаква вклученост во заедничката културна и уметничката продукција без оглед на различностите.**

**Постигнати резултати во 2022 во насока на исполнување на Приоритетна цел 2.3:**

М 2..3.1.Вклучување дебати, кампањи, дијалози во заедницата, лобирачки и застапувачки активности во содржини во годишните и специјалните конкурси. Во сите споменати конкурси, овие активности, беа дел од дозволените формати и типови на проекти, и во неколку прифатени проекти имаше ваков тип на активности.

По повод одбележувањето на 21-та годишнина на Охридскиот договор, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците ја организира Школата за млади лидери “Peace Forum Dialogue“. Во рамките на Школата за млади лидери, предавања пред повеќе од 50 млади учесници избрани на повик, одржаа проф. д-р Лидија Георгиева, проф. Др. Гордан Георгиев, Џелал Хоџиќ, Роберт Алаѓозовски, Проф. Др. Јусуф Зејнели, проф. Др. Ризван Сулејмани, доц. д-р Ведије Раткоцери и Џабир Дерала. За Охридскиот договор и неговата долговечност зборуваше професорката на Филозофскиот Факултет, Лидија Георгиева. Георгиева истакна дека треба да им се оддаде признание на оние кои го спроведоа овој договор што донесе мир во нашата земја. Во своето предавање проф. Раткоцери, меѓу другото, истакна дека тенденцијата на современите демократии е и треба да биде ефикасната застапеност на сите општествени групи во креирањето политики, одлучувањето и претставувањето. Универзитетскиот професор Јусуф Зејнели рече дека благодарение на Охридскиот договор сме безбедна земја и не сме загрозени од војните што ги има околниот регион. Проектот со наслов „Младите учат и ги промовираат своите права“ беше организиран од страна на НВО УФУК Скопје и поддржана од Агенцијата за остварување на правата на заедниците помеѓу 30 септември и 2 октомври. Со реализација на проектот, успешно се помогна при подигнувањето на свеста и знаењето на припадниците на турската заедница во Република Северна Македонија околу прашањата поврзани со правата на заедницата. Како главна активност на проектот беше организацијата на неколкудневната обука со предавања за основните човекови права, малцинските права, политичкиот и правниот систем од страна на истакнати претставници на академската, судската и политичката јавност. Обуките и сесиите беа организирани преку најсовремените педагошки методи и максималната интеракција беше запазена. За време на обуката беше подготвен информативен флаер за основните човекови права и правата на заедниците во нашата држава. Центарот за напредни истражувања и Младинскиот културен центар на Бошњаците „Шадрван“ од 26-28 август 2022 година ја организира Летната школа за заштита на заедниците и мултикутурализмот, финансиски покриена од Агецијата за остварување на правата на заедниците. Беа одржани следните сесии: „Идентитет, мултикултурализам, интеркултурализам“ со проф. д-р Рубин Земон, „Криза или ренесанса на мултикултурализмот“ со проф. д-р Нано Ружин, „Мултикултурна

акомодација во Република Северна Македонија“ со проф. д-р Ана Чупеска. Во рамките на Школата се одржа и трибина на тема „Предизвиците на заштитата на правата на заедниците и мултикултурализот“, каде што панелисти беа: Роберт Алаѓозовски, национален координатор за интерклутурализам, едно општестви и развој на културата, Џелал Хоџиќ, заменик директор на Агенција за остварување на правата на заедниците и Индира Хаџибулиќ, член на Националниот Совет на Бошњаците во Република Србија и претседател на Центарот за интеркултурална толеранција, Нови Пазар, Србија. Трибината ја модерираше Алмира Папиќ, претседател на „Шадрван“. Заедницата на Хрватите во Република Северна Македонија (ЗХРСМ) во 2022 организираше два настани. Регионална конференција насловена „Претставеност на помалубројните заедници на државно и локално ниво“, и, заедно со Центарот за европски истражувања ЕУРОПРОСПЕРА, проектот „Имплементација на добри практики во унапредување на правата на хрватската и другите малцински заедници во Република Северна Македонија темелено на хрватските искуства како земја членка на ЕУ“. Проект-координаторот Жарко Камчев од ЗХРСМ ги презентираше реализираните активностите поврзани со проектот, предлог-препораките кои ќе се достават до Владата, кои како јавни политики, како што се наведува, ќе водат кон утврдување на правниот статус на Хрватите, како и другите малцински заедници во Република Северна Македонија, нивна зголемена застапеност во јавниот, економскиот и политички живот во земјава и придонес кон унапредување на правата на малцинските заедници, согласно европските стандарди. И во 2022 продолжи програмата на активности на ЗГ Цивил-центар за слобода, Обединети во различноста како и проектот „Чекор напред кон мултикултурно општество“, во соработка со Министерството за надворешни работи и европски прашања на Големото Војводство Луксембург. https://civilmedia.mk/

Во рамките на овие активности Цивил редовно ги следеше, известуваше и ги анализираше активностите од Стратегијата за раазвој на концептот за едно општество и интеркултурализам. Преку целата година се одвиваа дебатни панели, работилници и други јавни настани коишто сосема кореспондираат со духот на Стратегијата Едно општество. На тема „Мултикултурализам, дискриминација и толеранција кај младите“, говореа Самет Шабани од Хоризон Цивитас, Дејан Ризински од МОФ и Мелиса Кариман – Романо Авази. На тема „Младите за мултикултурализмот и (не) дискриминацијата“ за младите и нивното спознавање на мултикултурализмот, институционалната застапеност, (не)дискриминацијата на општествено и институционално ниво зборуваа Селва Мустафи од „Романо Авази“, Сотир Габелоски Советник во Општина Крушево, Дино Блажески од УМС на ВМРО-НП. На настанот на тема „Национализмот на политичката улица“ се поведе дискусија за повеќе аспекти на националистичкиот наратив што стана придружен елемент на актуелните протести против европскиот предлог за пристапни преговори на Северна Македонија за членство во ЕУ.

Дел од прашањата за кои се дискутираше се:

- Дали и каква одговорност имаат инспираторите и организаторите на протестите?
- Каква е врската меѓу националистичкиот наратив насочен кон меѓуетничките односи во земјата и европското решение за почеток на преговорите со ЕУ?
- Кои се последиците од етничката омраза на протестите по меѓуетничките односи и демократските процеси во општеството воопшто?
- Дали и какви мерки преземаат релевантните институции во овој период?

На настанот учествуваа Роберт Алаѓозовски, Национален координатор за развој на културата и меѓуресорска соработка, Сретан Димитриевски од Асоцијација- Центар за антитероризам и мир, Гардијан -Куманово, Васко Лазаревски, активист, Биљана Јордановска и Дијана Тахири од ЦИВИЛ. На тема „**Етничката омраза од собраниската говорница**", за улогата на политичарите и нивното спознавање на мултикултурализмот, институционалната застапеност, (не)дискриминацијата на општествено и институционално ниво зборуваа пратениците **Зекир Рамчиловиќ, Љатифе Шиковска** и **Мартин Костовски**. На панелот на ЦИВИЛ „Шуто Оризари, заборавена општина", учесниците Курто Дудуш, лидерот на политичката партија ОПРЕ Рома, Тефик Махмут и Алберт Мемети од Ромалитико/АВАЈА дискутираа за "постојаната дискриминација" на општина Шуто Оризари од страна на институциите. На панелот Различности, (не)дискриминација и искуства" настапија Даниел Петровски од Здружението „Романо Ило", Фари Хисени, портпарол на општина Чаир и Бојан Петровски од Асоцијација за политики и активизам. На панелот „На чија услуга е балансерот", се отворија прашања во однос на балансерот при вработување на административни службеници, а во контекст на процентуалната застапеност на етничките заедници во земјава, (зло)употребата на алатката, и можни решенија како што е понатамошното функционирање, но со поинаква регулација, или отстранување на истата. Учесници беа градоначалникот на општина Гостивар и в.д. претседател на Алијанса за Албанците, Арбен Таравари, Џелал Хоџиќ од Агенција за остварување на правата на заедниците и претседател на СДА и министерот за информатичко општество и администрација, Адмирим Алити.

## 2. ПРЕДИЗВИЦИ И РИЗИЦИ ВО ТЕКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИСКИОТ ПЛАН, СО ПРЕПОРАКИ

Околностите и ризиците кои беа присутни и претходните две години при спроведувањето на акцискиот план доминираа и во 2022. Најлош тип на ризици кои влијаеја врз неспроведувањето на една низа активности, беа оние кои при планирањето се ставаат во надворешна закана и обично се бележат со мала веројатност дека ќе се случат. Тие, како надворешни се непредвидливи, тешко се контролираат и предизвикуваат низа на последици. Но во 2022 тие се случија со цел интензитет и се одразија врз имплементацијата на планот во оваа стратешка област. Во првата половина на 2022 беа предизвикани од продолженото траење на Пандемијата Ковид 19, а во втората половина на 2022 од последиците на воената агресија на Русија врз Украина. Во разните области околностите создадоа различни видови криза, а во културата најмногу доведе до кратење на средствата за разни активности и програми, ограничени буџети и рестриктивен однос кон нови програми, нови буџетски линии и сл. Тие рестриктивни мерки на домашен план беа преземени од Владата и Министерството за култура, но и меѓународните фондации и организации голем дел од средствата пренаменија за проекти или активности кон Украина, при што дел од програмите за другите региони и земји беа намалени. Иако во 2021, активностите и буџетите беа ажурирани и нови чекори беа преземени, меѓу другото и кон идентификување на нови извори на средства и партнери, новите уште покомплекси надворешни состојби со значителни финансиски последици оневозможија повторно да се реализираат. Вториот тип на ризици се од внатрешен карактер, и тие иако беа правилно идентификувани во ажурираниот акциски

план, поради нивната комплесност, која упатува на општа состојба и ниво на деловна или општествена култура, тешко можеа да се надминат, особено комбинирани со специфични, еднократни околности, како менување на персонални решенија во власта, и на локално и на централно ниво. Дел од мерките не се спроведоа со очекуваниот интензитет и поради недоволниот капацитет или незаинтересираност од институциите. Но токму откривањето на слабостите и на ризиците и нивното влијание врз исполнување на целите во полниот интензитет води кон сублимирање на сетот препораки, кои поради завршната година од акцискиот план, би требало да се репрограмираат во новиот стратешки циклус, 2023-2026.

**Препораки:**

- Да се создадат експлицитни буџетски линии и програми за остварување на правата на заедниците и интеркултурализам, коишто нема да се намалуваат под квантифициран минимум при неповолни надворешни влијанија.
- Да се репрограмираат и да се создадат нови проекти за обуки за управување со различноста и интеркултурализмот со кои ќе бидат опфатени раководните структури во културните институции, но и во граѓанските организации.
- Да се подига свеста за значењето на културната различност, културните права на заедниците и интеркултурализмот и во институциите на централно и локално ниво, но и пошироко во општеството
- Институциите да овластат барем еден вработен кој ќе служи како офицер за врска и поттикнувач за интеркултурни програми
- Да се создадат специјализирани повици и да се поттикне продлабочена соработка, развој на културната различност и интеркултурен дијалог во проектите од културата.
- Да се унапреди соработката меѓу културните установи со организации што ги претставуваат заедниците и претставници на други категории граѓани
- Да се збогатат интеркултурните содржини во годишните програми на националните и локалните установи,
- Да се реафирмира потребата и улогата на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците и да се поддигнат нејзините севкупни капацитети со зголемување на надлечностите.

## 3. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА СПРОВЕДЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА ПРИОРИТЕТНАТА ОБЛАСТ КУЛТУРА

| **Активност/мерка предвидена за реализација во 2022 согласно Акцискиот план** | **Статус на реализација** | **Кратко образложение** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **Приоритет 1:** Создавање еднакви можности, целосна достапност и вклученост на сите граѓани во развивањето и негувањето на интеркултурализмот и градење заедничките културни вредности и специфичности; | | |
| Усогласување на стратегиите, културните политики и други јавни и оперативни документи со стратегијата за Едно општество и интеркултурализам | Во тек (континуирано) | Се продолжи со усогласување и во новиот акциски план на Стратегијата за инклузија на Ромите, и во пријавната книга на град Скопје за Европска престолнина на културата 2028 и други документи |
| Создавање национална мрежа на ИГ | Не се реализираше | Заради намалено ниво на комуникација со ЕЛС |

| | | |
|---|---|---|
| Членство во меѓународната мрежа на ИГ | Не се реализираше | Заради недостиг на финансиски средства и намалено ниво на комуникација со ЕЛС |
| Годишен тренинг- модул со повеќе сесии, изработка на труд и сертифицирање на претставниците на институциите | Не се реализираше | Заради недостиг на финансиски средства |

| | | |
|---|---|---|
| Реорганизација и зголемување на надлежностите на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија | Во тек (континуирано) | Управата има изработено нова функционална анализа, носи годишна програма за работа којашто ја исполнува. Заради недостиг на финансиски средства не се зајакнити човечките и техничките ресурси за да може да ги зголеми и своите надлежности. |

| **Активност/мерка предвидена за реализација во 2022 согласно Акцискиот план** | **Статус на реализација** | **Кратко образложение** |
|---|---|---|
| **Приоритет 2** Афирмација и развој на меѓусебната почит, разбирање и поддршка на културните различности во општеството, во кое културите на сите заедници, врз основа на развиен интеркултурен дијалог силно соработуваат, меѓусебно се надополнуваат и се збогатуваат. | | |
| Вклучување соодветни содржини во годишните програми на националните установи | Во тек (континуирано) | Се забележува подобрување на содржините на установите, иако не сите установи имаат интеркултурни програми во своите портфолија |
| Поттикнување на соработката и осмислување на заеднички културни активности на културните | Во тек (континуирано) | Има подобрена соработка кај дел од установите, особено оние коишто доаѓаат од мултикултурни |

| | | |
|---|---|---|
| установи со организации што ги претставуваат овие заедници и групи | | средини. Но потреби се уште повеже содржини кај поголем број на институции, особено оние што доаѓаат од похомогени средини |
| Креирање Годишен конкурс за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија | Делумно | Посебен конкурс при МК не се креира, иако има подобрување на прифатени проекти во Годишната програма. Се создаде нов повик при МПСОЗ и продолжи Повикот при АОПЗ |
| Вклучување дебати, кампањи, дијалози во заедницата, лобирачки и застапувачки активности во содржини во годишните и специјалните конкурси | Реализирано | Во сите споменати конкурси, овие активности, беа дел од дозволените формати и типови на проекти, и во неколку прифатени проекти имаше ваков тип на активности. |
| Интеркултурни програми и проекти на национално и на локално ниво | Реализирано | Има значително поголем број на интеркултурни програми и проекти кои се спроведуваат од различни субјекти, со различни партнери и во децентрализирани услови |

**- СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: МЛАДИ -**

## РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО СТРАТЕШКАТА ОБЛАСТ ,,МЛАДИ”

Преку реализираните активности за 2022 година се даде сериозен придонес кон остварување на предвидените приоритети и цели утврдени во кластерот млади во рамки на Националната стратегија за едно општество и интеркултурализам.

2022 година имаше солидна реализација на предвидените активности, но сепак тоа е еден дел од целиот корпус на активности кои треба да се реализираат за да се придонесе кон создавање толерантни млади, но и елиминирање на национализмот, ксенофобијата, етничките стеги, религиозна, родова, полова и секаква друга дискриминација. Главниот фокус останува на намалување на говорот и криминалот од омраза, заедничка координација на институционално и вон-институционално ниво, затоа што не е доволно само менување на општествената свест, туку конкретни дела и акции, младешки ентузијазам, аспирации, но пред сѐ знаења, да се стават во функција на целокупниот развој на опшеството. Успешната имплементација на Законот за младинско учество и младински политики е силен поттик сите овие активности во наредниот период да се реализираат во партиципативен и заеднички механизам со младите луѓе, знаејќи дека веќе имаме воспоставени младински центри, фунцкионални младински совети, назначени службеници за млади и канцеларии за млади. Главниот предизвик останува клучните институции во делот на младите и младинските политики ги отвараат вратите да продре младинскиот глас, идеите да се претворат во иницијативи, а иницијативите во конкретни проекти кои значат подобро денес, но и утре за младите во Република Северна Македонија. Реализацијата на активностите за 2022 година е добар знак и база за постигнување на целите и приоритетите во Стратегијата со идентификувани идни чекори, поголемо искуство, научени лекции, ревидирани акциски планови, нови временски рокови, политичка волја и излезни решенија.

## 1. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ:

**Приоритет 1: Промовирање на ненасилството, толеранцијата и интеркултурната комуникација меѓу младите и елиминирање на говорот на омраза и криминалот од омраза**

**1.1 Приоритетна цел: Да се намали и елиминира степенот на насилството, нетолерантноста, говорот на омраза и криминалот од омраза, вклучително и од страна на органи/институции кон граѓаните и ранливи групи**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.1:**

Во рамки на оваа приоритетна цел, мерка 1: информирање на јавноста за последиците на говорот на омраза и криминалот од омраза особено помеѓу младите Агенцијата за млади и спорт во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје спроведе кампања за информирање на јавноста за последиците на говорот на омраза, промовирање ненасилство и толеранција, особено помеѓу младите. За потребите на кампањата се изготвија рекламни спотови, се закупија билборди и видео пораки со цел пораката да стигне до што поголем број на млади луѓе. Кампањата може да се види на следниот линк: https://www.facebook.com/prekinigokrugot/. За потребите на оваа кампања се организираа 8 форуми ширум државата и се дистрибуира рекламен материјал, летоци и брошури. Исто така во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје се изготви рекламен и спот и се публикуваше во јавноста преку јавниот сервис, традиционалните и новите медиуми. Покрај ова, во 2022 година продолжи да функционира **таканареченото** „црвено копче“**, каде граѓаните може да пријавуваат криминал од омраза, говор на омраза и доколку постои било каква форма на насилство. Во функција е меил адресата** cybercrime@moi.gov.mk Носењето на законска регулатива – Закон за младинско учество и младински политики продолжува да се имплементира и врз основа на неговото носење и одредби се креираат идните политики за млади, се регулира статусот на правата и обврските на младите, но и нивното организирање, делување и начини на финансирање. Во рамки на мониторинг на имплементацијата на Законот се спроведе истражување во однос на степенот на реализација и се утврдија сите недостатоци, но и се мапираа реалните потреби за мотивирање на локалните самоуправи да бидат активни чинители во рамки на младинските прашања. Во рамки на оваа приоритетна цела, не се реализираше мерката со која се предвидува изготвување прирачник за актуелни мерки против насилството и говорот на омраза и криминал од омраза и негова дистибуција во образовните и културните институции и спортски федерации.

## Приоритет 2: Намалување на етноцентризмот помеѓу младите и изолација на различни моногрупации, учество во заеднички активности и меѓусебна интеракција од омраза

### 2.1. Приоритена цел: Унапредување на наставните програми и техники во основното, средното и високото образование, вклучувајќи ја и практичната настава во средно и високо образование

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 2.1:**

Во рамки на оваа приоритетна цел, **мерка 1** Организирање на вон-наставни акативности со сите етнички групи на млади и нивно поврзување и запознавање со религиски, МОН и во 2022 година спроведе анализи во делот на потребата од практична настава и креирање на програми за потребите на младите луѓе. За таа цел се спроведе анализа за

примена на практичната настава во средното и високо образование, со посебен акцент на слободните активности на стуеднтите и овде се вклучи ЦСОО (Центар за стручно образование и обука). Во рамки на оваа мерка се реализираа обуки и дообуки на наставниот кадар во сите училишта во општините со мешан етнички состав за воннаставни активности и користење на слободното време на младите во средно образование и религиско образоавние и е донесена нова концепција за воннаставни активности и направена обука за наставниците. Сепак овде изостана организирање младински спортски кампови и не се постигнаа предвидените резултати.

Во однос на **мерка 2**: Ревидирање на наставни програми и други содржини во кои се идентификувани извори на стереотипи и омраза, во 2022 исто така се спроведе анализа на наставни програми во средно образоавние и се формираше работна група која работи на нова Концепција за средно образование. За таа цел се изработи драфт верзија на текстот на Закон за средно образование, каде ќе бидат утврдени национални стандарди за постигнувањата на учениците. Согласно националните стандарди ќе се дефинираат излезни резултати и ќе се развијат нови современи наставни програми.

Во 2022 се спроведе анализа на акредитираните академски програми на универзитетите и се организираше работна средба со Ректорите околу процесот на ревидирање на наставните програми на Универзитетите во РСМ.

**2.2 Приоритетна цел: Доследно и конзистентно спроведување на политиките за едно општество и интеркултурализам кои се однесуваат за младите**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 2.2:**

Во однос **мерка 1**: Зајакнување на превентивните мерки за сузбивање на насилството, говорот на омраза и нетолерантноста кај младите, новата Национална стратегија за млади (2023 – 2027) која започна да се изготвува во 2022 година прецизно ги лоцира потребите на младите на локално, регионално и национално ниво, но и на младите од разни етнички и социјални групи (млади со попреченост, припадници, на немнозински групи, средношколци и студенти).
Покрај ова, МТСО спроведе менторска програма преку која се врши споредба на млад човек, особено ако развива антисоцијално однесување, со пријателски расположено лице надвор од семејството како позитивен пример. Оваа мерка се реализира секоја година во рамки на програмата на МТСП.
Во 2022 година продолжи да се имплементира програмата за семејна терапија која ги подобри односите и комуникациите меѓу семејните членови, како и нудат помош на родителот и детето за надминување проблем со девијантно однесување и нетолерантноста. МТСП има низа на социјални услуги согласно Законот за социјална заштита и тоа услуги за стручна помош и поддршка, услуги за советување, услуги во заедницата и услуги за вон-семејна заштита каде се опфаќаат советодавна работа, превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејство, оветување при развод на брак, семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи, психо-социјална поддршка за жртви на

семејно насилство, психо-социјален третман на сторители на семејно насилство и други специјализирани видови на советувања. Во 2022 година продолжи да функционира сервисот (call centre) за поддршка на млади - жртви на насилство, говор на омраза и криминал од омраза преку развиен систем за пријави за семејно насилство, мобинг или вознемирување. Во однос на активностите од **мерка 2:** **Механизам за креирање на политика за реализација, креирање на проекти за интеркултурализмот кај младите** единствено се усогласени законските и подзаконските акти и прописи и други усовени документи кои се однесуваат на правата на младите.

**2.3. Приоритена цел: Млади со еднакви можности и нивна вклученост во процесите на донесување на одлуки**

**Постигнати резултати во 2022 во насока на исполнување на Приоритетна цел 2.3:**

Во однос на **мерка 1:** Инклузивен процес на вклученост на младите на локално и на регионално ниво во општественоит систем, во 2022 година се промовираше кампања за еднакви можности на младите особено за ранливи категории млади (млади со попреченост, млади од поправни домови, сексуално злоупотребувани млади, млади кои питачат, млади лица зависници од наркотици) од страна на повеќе институциим ако се знае дека прашање за еднакви можност е хоринзотално поставено и го применува цел владин систтем.

Во 2022 година Агенцијата за млади и спорт поддржа проекти со акцент на социјална и етничка инклузија и за оваа цела Агенцијата одвои речиси 6.000.000 денари и беа поддржани речиси 20 организации.

**2.4. Приоритетна цел: Воспоставен систем за детектирање на говор на омраза и криминал од омраза на локално и национално ниво**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 2.4:**

Во однос на **мерка** Воспоставување на функционални младински центри во 2022 година заедно со Сојуз за младинска работа се организираа 4 нековенционални настани во форма на world café, quiz night, gamification и директен контакт и во функција е новата веб страница на Агенција за млади и спорт со цел појасна и подетална промоција на активностите на младинските центри.

Агенцијата за млади и спорт согласно Законот за младинско учество и младински политики отвори младински центри во Кавадараци, Куманово, Пробиштип, Охрид, Битола, а во фаза на отварање се уште десетина општини. Согласно Законот, секоја општина мора во рок од 5 години да стави во функција минимум еден младински центар. Веќе постојат младински центри во општина Центар, општина Гостивар и општина Чаир.

Во 2022 година паралелно со овој процес, се креираа можности за развивање на капацитети на младите, запознавање на интеркултурализмот, заедничка борба против говор на омраза, криминал од омраза, градење социјални врски и создавање општество по нивна мерка. За сето ова, согласно активност 2.3, Агенцијата сите овие активности ги комуницира и ја информира јавност со споделување на информации на сопствената веб страница, фејсбук страница и директно со формите на младинско здружување.

**2.5. Приоритетна цел: Намалена сегрегација и дискриминација на младите**

**Постигнати резултати за 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 2.5:**

Во рамки на **мерка 1**: Елиминација на сегрегацијата и дискриминација на младите од различно етничко и социокултурно потекло во 2022 година се изработи анализа за степенот на сеграгација и дискриминација на младите особено разнливите категории млади и оние кои не се дел од образовниот процес, како и се направи споредба на постојните казнени законски прописи за елиминирање на овој негативен феномен кај младата популација.
Покрај ова, во 2022 година се промовираше акција НЕДЕЛА против сеграгација и дискриминација на младите во 8 плански региони со точно утврдени содржини и активности на акцијата и организирање интернет-кампања преку социјалните мeжи (FB, Twiter и други) **преку проектот на АМС „Европска недела на спортот“.**

## 2.ПРЕДИЗВИЦИ И РИЗИЦИ ВО ТЕКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИСКИОТ ПЛАН СО ПРЕПОРАКИ

Иако поминаа речиси 3 години од носењето на Законот за младинско учество и младински политики, сепак главниот предизвик останува имплементација на одредбите кои се однесуваат на единиците на локална самоуправа. Она што исто е предизвик и е потребно да се работи во наредниот период е интензивирање и систематизирање на соработката меѓу институциите, но и да се зголемува буџетот за поддршка за млади, ако се знае дека за оваа година имаме намалување на ставката млади во Агенција за млади и спорт.
Согласно последните податоци од пописот кои јасно укажуваат дека како држава „стареeме“ потребно е сите клучни институции за млади да почнат младите да ги третираат како свои партнери и да ги отворат вратите за да може токму младите да се чуствуваат важни и заеднички да работат на градење на двострана доверба едни со други. Кога се работи за клучните прашања во однос на владеење на право, борба против корупција, градење на култура на интегритет и екномски раст мора во предвид да се имаат знаењата и енергијата на младите луѓе и мора да им демонстрира силна решителност дека се случуваат промени за тие да останат овде и ја креираат својата сегашност и иднина. Клучно останува Агенцијата за млади и спорт да ја зајакне својата улога во рамки на владиниот систем, да развива нови капацитети и да гради партнерства со цел да можат да се реализираат активностите и сето она што е предвидено како мерки од владина програма. Важно е да се размислува за нов пристап, модерен и

отворен на Секторот млади и да се реализираат поголем број на политики кои ќе водат кон застапување, наместо кон само „декларативни“ заложби. Новата Национална стратегија што треба да се заврши во првиот квартал од 2023 година дава нов правец во дефинирање на потребите на младите луѓе и е вистинскиот момент да се дефинираат приоритетите на младите и каде сакаме да ги видиме во наредниот период, но и ние како институции и носители на одлуки да се обврзаме дека ќе ги испорачаме зададените активности и резултати, ќе обезбедиме повеќе финансии за нив, можности и услови и ќе седат на иста маса со нас, заеднички ќе носиме одлуки, затоа што време за губење нема. Важно е Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците да преземе лидерска улога во промовирање на ненасилството, толеранцијата и интеркултурната комуникација меѓу младите и елиминирање на говорот на омраза и криминалот од омраза во соработка со Министерството за внатрешни работи, со поддршка на граѓанскиот сектор и меѓународните организации.
Приоритетите мора да останат на намалување на говорот на омраза и криминалот од омраза, заедничка координација на институционално и вон-институционално ниво, затоа што не е доволно само менување на општествената свест, туку конкретни дела и акции, младешки ентузијазам, аспирации, но пред сè знаења, да се стават во функција на целокупниот развој на опшеството. Потребно е заедничко и координирано делување и прецизна соработка со цел да може да се постигнат резултати и да се врати довербата на младите во институциите.

**Препораки:**

- Интензивирање и систематизирање на соработката меѓу институциите во однос на прашањата за младите;
- Зголемување на буџетот за 50% за ставка млади во рамки на Агенција за млади и спорт со цел успешно и доследно спроведување на политики и проекти за млади;
- Сите релевантни институции кои се поврзани со млади да ги третираат младите како свои партнери и да ги отворат вратите за да може токму младите да се чуствуваат важни и заеднички да работат на градење на двострана доверба едни со други;
- Младите и формите на младинско организирање да се вклучуваат и да бидат консултирани за  клучните прашања во однос на владеење на право, борба против корупција, градење на култура на интегритет и екномски раст;
- Агенција за млади и спорт да ја зајакне својата улога во рамки на владиниот систем, да ги развива постојните и да креира нови капацитети и да гради партнерства со цел да можат да се реализираат активностите и сето она што е предвидено како мерки од владина програма;
- Да се воведе реорганизација на сектор млади во Агенција за млади и спорт преку нов, модерен и отворен пристап и да се реализираат поголем број на политики кои ќе водат кон застапување, наместо кон само „декларативни“ заложби;

- Граѓанските организации и формите на младинско организирање да бидат активно вклучени во имплементирање на акивностите и да им се овозможи работна средина за да го искористуваат својот потенцијал
- Активно да се поддржи и се обезбеди максимална имплементација на Националната стратегија за млади 2023 – 2027;
- Владата вклучитечно со сите институции и носители на одлуки да се обврзаат дека ќе гиисporачаат зададените активности и резултати, ќе обезбедат повеќе финансии, можности и услови за младите и Националната стратегија за млади и ќе седат на иста маса со нив, заеднички ќе носат одлуки;
- Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците да преземе лидерска улога во промовирање на ненасилството, толеранцијата и интеркултурната комуникација меѓу младите и елиминирање на говорот на омраза и криминалот од омраза во соработка со Министерството за внатрешни работи, со поддршка на граѓанскиот сектор и меѓународните организации;
- Приоритетите мора да останат на намалување на говорот на омраза и криминалот од омраза, заедничка координација на институционално и вон-институционално ниво, затоа што не е доволно само менување на општествената свест, туку конкретни дела и акции, младешки ентузијазам, аспирации, но пред сè знаења, да се стават во функција на целокупниот развој на општеството.

## 3. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА СПРОВЕДЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТА МЛАДИ

| **Актиност/мерка предвидена за реализација во 2022 согласно Акцискиот план** | **Статус на реализација** | **Кратко образложение** |
|---|---|---|
| **Приоритет 1: Промовирање на ненасилството, толеранцијата и интеркултурната комуникација меѓу младите и елиминирање на говорот на омраза и криминалот од омраза** | | |
| 1.1. Да се намали и елиминира степенот на насилството, нетолерантноста, говорот на омраза и криминалот од омраз, вклучително и од страна на органи/институции кон граѓаните и ранливи групи | Реализирана | • Спроведена кампања за информирање на јавноста за последиците на говорот на омраза, промовирање ненасилство и толеранција, особено помеѓу младите. За потребите на кампањата се изготвија рекламни спотови, се закупија билборди и видео пораки со цел пораката да стигне до што поголем број на млади луѓе<br>• Продолжува да функционира таканереченото „црвено копче“, каде граѓаните може да пријавуваат криминал од омраза, говор на омраза и доколку постои било каква форма на насилство. Во функција е меил адресата cybercrime@moi.gov.mk<br>• Носењето на законска регулатива – Закон за младинско учество и младински политики продолжува да се |

| | | |
|---|---|---|
| | | имплементира и врз основа на неговото носење и одредби се креираат идните политики за млади, се регулира статусот на правата и обврските на младите, но и нивното организирање, делување и начини на финансирање. |
| **Приоритет 2: Намалување на етноцентризмот помеѓу младите и изолација на различни моногрупации, учество во заеднички активности и меѓусебна интеракција од омраза** | | |
| 2.1. Унапредување на наставните програми и техники во основното, средното и високото образование, вклучувајќи ја и практичната настава во средно и високо образование | Реализирана | • Во 2022 година спроведе анализи во делот на потребата од практична настава и креирање на програми за потребите на младите луѓе. За таа цел се спроведе анализа за примена на практичната настава во средното и високо образование, со посебен акцент на слободните активности на стуеднтите и овде се вклучи ЦСОО (Центар за стручно образование и обука). Во рамки на оваа мерка се реализираа обуки и дообуки на наставниот кадар во сите училишта во општините со мешан етнички состав за воннаставни активности и користење на слободното време на младите во средно образование и религиско образоавние и е донесена нова концепција за воннаставни активности и направена обука за наставниците.<br>• Во 2022 исто така се спроведе анализа на наставни програми во средно образоавние и се формираше работна група која работи на нова Концепција за средно образование. За таа цел се изработи драфт верзија на текстот на Закон за средно образование, каде ќе бидат утврдени национални стандарди за постигнувањата на учениците. Согласно националните стандарди ќе се дефинираат излезни резултати и ќе се развијат нови современи наставни програми. Во 2022 се спроведе анализа на акредитираните академски програми на универзитетите и се организираше работна средба со Ректорите околу процесот на ревидирање на наставните програми на Универзитетите во РСМ. |
| 2.2. Доследно и конзистентно спроведување на политиките за | Реализирана | • Новата Национална стратегија за млади (2023 – 2027) која започна да се |

| | | |
|---|---|---|
| едно општество и интеркултурализам кои се однесуваат за младите | | изготвува во 2022 година прецизно ги лоцира потребите на младите на локално, регионално и национално ниво, но и на младите од разни етнички и социјални групи (млади со попреченост, припадници, на немнозински групи, средношколци и студенти).<br>• Покрај ова, МТСО спроведе менторска програма преку која се врши споредба на млад човек, особено ако развива антисоцијално однесување, со пријателски расположено лице надвор од семејството како позитивен пример. Оваа мерка се реализира секоја година во рамки на програмата на МТСП.<br>• Во 2022 година продолжи да се имплементира програмата за семејна терапија која ги подобри односите и комуникациите меѓу семејните членови, како и нудат помош на родителот и детето за надминување проблем со девијантно однесување и нетолерантноста. МТСП има низа на социјални услуги согласно Законот за социјална заштита и тоа услуги за стручна помош и поддршка, услуги за советување, услуги во заедницата и услуги за вон-семејна заштита каде се опфаќаат советодавна работа, превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејство, оветување при развод на брак, семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи, психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство, психо-социјален третман на сторители на семејно насилство и други специјализирани видови на советувања.<br>• Во 2022 година продолжи да функционира сервисот (call centre) за поддршка на млади - жртви на насилство, говор на омраза и |

| | | |
|---|---|---|
| | | криминал од омраза преку развиен систем за пријави за семејно насилство, мобинг или вознемирување. |
| 2.3. Млади со еднакви можности и нивна вклученост во процесите на донесување на одлуки | Во тек | • Во 2022 година се промовираше кампања за еднакви можности на младите особено за ранливи категории млади (млади со попреченост, млади од поправни домови, сексуално злоупотребувани млади, млади кои питачат, млади лица зависници од наркотици) од страна на повеќе институциим ако се знае дека прашање за еднакви можност е хоринзотално поставено и го применува цел владин систем. |
| 2.4. Воспоставен систем за детектирање на говор на омраза и криминал од омраза на локално и национално ниво | Во тек | • Во 2022 година заедно со Сојуз за младинска работа се организираа 4 нековенционални настани во форма на world café, quiz night, gamification и директен контакт и во функција е новата веб страница на Агенција за млади и спорт со цел појасна и подетална промоција на активностите на младинските центри.<br>• Агенцијата за млади и спорт согласно Законот за младинско учество и младински политики отвори младински центри во Кавадараци, Куманово, Пробиштип, Охрид, Битола, а во фаза на отварање се уште 10на општини. Согласно Законот, секоја општина мора во рок од 5 години да стави во функција минимум еден младински центар. Веќе постојат младински центри во општина Центар, општина Гостивар и општина Чаир.<br>• Во 2022 година паралелно со овој процес, се креираа можности за развивање на капацитети на младите, запознавање на интеркултурализмот, заедничка борба против говор на омраза, криминал од омраза, градење социјални врски и создавање општество по нивна мерка. За сето ова, согласно активност 2.3, Агенцијата сите овие активности ги комуницира и ја информира јавност со споделување на информации на сопствената веб страница, фејсбук |

| | | |
|---|---|---|
| | | страница и директно со формите на младинско здружување. |
| 3.1.1.3. Намалена сегрегација и дискриминација на младите | Во тек | • Во 2022 година се изработи анализа за степенот на сеграгација и дискриминација на младите особено разнливите категории млади и оние кои не се дел од образовниот процес, како и се направи споредба на постојните казнени законски прописи за елиминирање на овој негативен феномен кај младата популација.<br>• Покрај ова, во 2022 година се промовираше акција НЕДЕЛА против сеграгација и дискриминација на младите во 8 плански региони со точно утврдени содржини и активности на акцијата и организирање интернет-кампања преку социјалните межи (FB, Twiter и други) преку проектот на АМС „Европска недела на спортот“. |

## - СТРАТЕШКА ОБЛАСТ : ОПШТЕСТВЕНА КОХЕЗИЈА-

## РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО СТРАТЕШКАТА ОБЛАСТ: ,,ОПШТЕСТВЕНА КОХЕЗИЈА”

Во рамките на стратешката област општествената кохезија се идентификувани два приоритети и соодветни приоритени цели и активности, во кои се забележува солиден напредок.Особено е важно е да се напомене дека во 2022 година финализирани се

неколку закони кои се квинтесенција за ефикасно функционирање на државната администрација , а истите воедно се и катализатор на отпочнатите процеси: Закон за административни службеници и Закон за вработените во јавниот сектор, како и Во врска со Балансерот во Август 2022год.внесени се податоци од последно спроведениот попис во 2021година кои се пополнува балансер колкулатор кој е составен дел од Годишните планови за вработување на институциите во јавниот сектор .Во 2022 година однос на Националната платформа за услуги додадени се 44 нови услуги .Понатаму, услуги за пасош, лична карта, возачка дозвола се целосно дигиталиирани. Бројот на регистрирани на uslugi.gov.mk достигна 87.388, (односно околу 24.742 нови корисници само оваа година. Во однос на вториот приоритет донесени се важни стратешки документи: Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027, Стратегијата за еднаквост и недискриминација 2022-2026, Стратегијата за инклузија на роми 2022-2030 и отворање Центарот за родово одговорно кој што е дел од Министерството за труд исоцијална политика. Активностите реализирани во текот на 2022 година придонесоа за исполнување на заложбите за унапредување на општествена кохезија и интеграција со одржлив и инклузивен социо-економски рамномерен регионален развој, обезбедена родова еднаквост, недискриминација и еднакви можности по основа на сите различности и вклучување на родовата перспектива во законската регулатива.

## 1. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

**Приоритет 1: Унапредување на одржлив и инклузивен социоекономски рамномерен регионален развој**

**1.1. Приоритетна цел: Јакнење на севкупните капацитети и ресурси на субјектите во функција на обезбедување**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на приоритетна цел 1.1:**

Во 2022 година склучени се договори за финансирање на 150 проекти во општините во сите осум плански региони, во вкупна вредност од околу 900 милиони денари за развој на планските региони, на селата, на специфичните подрачја, на урбаните подрачја и за намалување на диспаритетите во и меѓу планските региони. Проектите се финансираат од буџетската програма за рамномерен регионален развој.

Во рамките на проектот Оддржлив и инклузивен рамномерен регионален развој се зајакнуваат капацитетите на Центрите за развој во осумте плански региони преку континуирани обуки и подготовка на проекти. Обезбедена е и грантова шема за спроведување на конкретни проекти кои што се финансирани со средства од швајцарската влада и од Министерството за локална самоуправа.

Во 2022 година се финансирани седум проекти во планските региони во вкупна вредност од 2,5 милиони швајцарски франци.

**1.2. Приоритетна цел: Јакнење на севкупните капацитеити и ресурси на субјектите во функција на обезбедување на одржлив развој**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.2:**

Министерство за информатичко општество и администрација во областа на дигитализација креираше две најважни стратегии и тоа: Во Национална стратегија за сајбер безбедност 2023-2026 и Национална стратегија за ИКТ 2023-2027.
Во соработка со министерството за образование и наука и ITU (International Telecommunication Union), ја започнавме иницијативата за проектот „заштита на децата онлајн“, кој претставува важен проект за зајакнување на безбедноста на децата на Интернет на национално ниво.

На платформата „Open Data“ се објавени околу 580 сетови податоци, од кои 180 се објавени и ажурирани во текот на оваа година. Во меѓувреме, на платформата за интероперабилност беа потпишани договори со 27 нови институции, со што соработката меѓу институциите ке биде по ефикасна и ветувачка. Во однос на дигиталните услуги, бројот на дигитални услуги во Националната платформа за услуги достигна 226 услуги, (каде што само во текот на оваа година успеавме да додадеме околу 44 нови услуги).Понатаму,во текот на оваа година беа дигитализирани важни услуги како што се услуги за пасош, лична карта, возачка дозвола и сл. Бројот на регистрирани на uslugi.gov.mk достигна 87.388 (односно околу 24.742 нови корисници само оваа година).

Минстерството за информатичко општество и администрација обезбеди бесплатна обука за административните службеници и граѓаните за „Сајбер хигиена“. Исто така, со поддршка на мисијата на ОБСЕ и во соработка со владата, развиен е електронски курс насочен кон зајакнување на интеркултурната компетентност и управување со различностите во јавните институции - Објавување на курсот за интеркултурализам на платформата LMS (Learning Management System) за онлајн обука.

Понатаму, МИОА учествуваше во Отворената работна група за безбедност и употреба на информатички и комуникациски технологии (OEWG) формирана од Генералното собрание на ОН. Во оваа прилика, Северна Македонија, во согласност со ЕУ и нејзините **земји-членки, се придржуваше до коментар**ите и предлозите споделени од земјите-членки и се согласи на усвојување на финалната верзија на Резолуцијата на Генералното собрание за годишниот извештај за напредокот.

**1.3. Приоритетна цел: Усогласена правна регулатива со различни институции со политиките за рамномерен регионален развој**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.3:**

Министерство за информатичко општество и администрација има приоритетни цели за унапредување ,раст и развој во обласа на дигитализацијата, јавната администрација и медиумите .Финализирани се неколку закони кои се суштински за ефикасно функционирање на државната администрација , а истите воедно се и катализатор на отпочнатите процеси:

Закон за административни службеници и Закон за вработените во јавниот сектор чии нови верзии беа објавени во ЕНЕР во септември 2022 година, а кои овозможуваат деполитизација на администрацијата, меритократски систем за вработување и оценување, правична и соодветна застапеност и професионалност на администрацијата. Исто така, во завршна фаза е изготвување на Законот за висока раководна служба - кој обезбедува професионалност и ја зголемува одговорноста на институциите при одлучувањето. Изработена е новата стратегија за реформи во јавната администрација (2023-2030) и започнато е со пилотирање на проектот за реорганизација на државата во три министерства и тоа Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за економија и Министерството за земјоделство и верувајќи во придобивките од овој процес, веруваме дека до 2024 г. сите министерства ќе почнат со реорганизација.

Се подготвува нацрт верзијата на Законот за плати и за прв пат во државата концептот на овој закон беше дефиниран на владина седница. Овој закон претставува суштински и неизбежен закон за регулирање на платите на вработените во јавниот сектор, вклучително и акционерските друштва, и покрај неговата сложеност, нашите напори продолжуваат и во 2023 година да го завршиме истиот.

## Приоритет 2: Унапредување на општествена кохезија и интеграција со обезбедена родова еднаквост, недискриминација и еднакви можности по основа на сите различности

**2.1 Приоритетна цел: Почитување и унапредување на општествената кохезија и интеграција на концептот на родова еднаквост, недискриминација и еднаквост по сите основи и различности**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетната цел 2.1:**

Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година е усвоена на 28.07.2022 година од страна на Собранието на Република Северна Македонија и е објавена на Службен Весник на РСМ бр. 170/2022. Стратегијата, како широка стратешка рамка ги обединува сите области на делување за постигнување на родова еднаквост преку интегрирање на родовата перспектива во политиките и стратегиите, сузбивање на стереотипите и насилството кон жените, унапредување на положбата на жените во сите сфери на јавниот и приватниот живот. Со донесување на оваа Стратегија, Република Северна Македонија се стреми кон унапредување на состојбата на родовата еднаквост во 13 приоритетни области.

Изработена е Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 која на 25 мај 2022 година беше усвоена од страна на Владата на РСМ. Националната стратегија за еднаквост и недискриминација е клучниот стратешки документ во националната политика за еднаквост и недискриминација. Целта на Стратегијата е да обезбеди континуиран развој во реализацијата на овие права без дискриминација по кој било основ.Подготвен е Вториот Индекс 2020 за родова еднаквост за Република Северна Македонија, кој е доставен до Европскиот институт за родова еднаквост на одобрување по што следува негова промоција.

Предлог Законот за родова еднаквост е изработен со експертска поддршка од Мисијата на ОБСЕ и поширока работна група составена од членови од државни институции и граѓански организации од областа. Законот беше поставен на ЕНЕР во септември 2022 година . Во периодот од октомври до ноември 2022 година беа одржани осум регионални јавни расправи (Гостивар, Куманово, Битола, Штип , Струмица и Скопје) со засегнати страни: координатори и Комисии за еднакви можности и граѓански сектор од различни региони на територијата на РСМ.

Во рамки на проектот „Промоција на разноликоста и еднаквоста во Северна Македонија“ на Совет на Европа во компонентата за анти-дискриминација и заштита на ранливи групи се подготвија Препораки за хармонизација на 13 закони со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во насока на подготовка на Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030, беа формирани работни групи од релевантните ресорни министерства со кои се работеше поеднинечно според утврдена методологија на подготовката на Стратегијата. Во таа насока беа одржани две дводневни работилници со претставници од релевантните ресорни министерства и граѓански организации. Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, беше доставена и усвоена од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Во насока на подготовка на Национални акциони планови за приоритетните области во рамки на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, беа одржани две дводневни работилници со претставници од релевантните ресорни министерства и граѓански организации.

Во текот на 2022 година продолжи процесот на имплементација на Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени. Според последните податоци од

Управата за водење на матични книги до јуни 2022 околу 320 лица имаат добиено посебен извод на родени од кои 115 лица имаат посебна идентификациона исправа во периодот од 2020 - 2022 година и за 100 лица се во редовна постапка.

Во врска со Балансерот, внесени се податоци од последно спроведениот попис во 2021година со кои се пополнува балансер колкулатор кој е составен дел од Годишните планови за вработување на институциите во јавниот сектор .

**2.2. Приоритетна цел: Унапредување и вклучување на родовата перспектива во законската регулатива и усогласување со концептот на ,, Едно општесто и интеркултурализам**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетната цел 2.2:**

Во март 2022 година почна да функционира Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање. До сега, реализирани се 31 обуки и обучени се 401 лице вработено во јавен сектор.

Во однос на родово одговорно буџетирање и вклучување на родовата перспектива одржани се 18 обуки на кои учествувале 200 административни службеници кои се вклучени во процесот на подготовка на стратешките и буџетските планови, како и административни службеници со релативно кратко искуство во работата. Целта на обуките е унапредување на капацитетите на државните службеници во областа на родовата еднаквост и родово одговорното буџетирање.
Исто така, во Центарот се организираа 13 обуки од областа недискриминација во кои учествуваа 201 админстративени службеници на национално и локално ниво и ромски медијатори . Покрај обуки во Центарот се одржуваа состаноци, консултативни средби и јавни дебати.

Креирана е веб страна на Ресурсниот центар за родово одговорно креирање политики и буџетирање каде што се објавени повеќе од 250 публикации од областа на РОБ и РЕ, обуки и настани ..Исто така, креиран е фејсбук и инстаграм профил за промоција на активностите кои се одржуваат во Ресурсниот центар.

Во насока на имплементација на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно се подготвија: Драфт Програмата за реинтеграција на жени жртви на родово базирано насилство и семејно насилство;и Драфт Протокол за меѓусебна соработуваат (член 12). Понатаму , во процес на подготовка се подзаконските акти за:

- Правилник за формата, содржината и начинот на интегрирано прибирање на статистички и административни податоци за состојбата со родово базирано насилство врз жените и семејното насилство, врз основа на пол, род, возраст, припадност на заедница, живеалиште и други податоци (член 28 став 6);
- Правилник за начинот на издавање согласност на Програма за почетна и континуирана едукација за родово базирано насилство врз жените и семејното насилство што ги спроведуваат субјектите од членовите 18, 19, и 20 од овој закон. (член 17 став 2);

- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистар на обучени лица за спроведување на почетна и континуирана едукација за родово базирано насилство врз жените и семејното насилство. (член 17 став 3)
- Правилник за форма и содржина на анализа и статистичка обработка на податоци од систем за социјални права и услуги за состојбата со родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство (член 28 став 4);
- Правилник за содржината и начинот на прибирање и водење посебна евиденција во судовите за бројот на случаи на родово базирано насилство врз жените и жртвите на семејното насилство врз основа на пол, род, возраст, етничка припадност, попреченост, живеалиште и други основи, како и податоци релевантни за следење на состојбата со родово-базираното насилство врз жените и семејното насилство (член 29);
- Правилник за содржината и начинот на прибирање и водење посебна евиденција во јавните обвинителства за бројот на случаи на родово базирано насилство врз жените и жртвите на семејното насилство врз основа на пол, род, возраст, етничка припадност, попреченост, живеалиште и други основи, како и податоци релевантни за следење на состојбата со родово-базираното насилство врз жените и семејното насилство (член 30).

Овие подзаконски документи се изработуваат со експертска поддршка на УНФПА.

Проектот Инклузија на деца Роми се спроведува 15 години. Во учебната 2021/2022, со 20 општини и ЈОУДГ беа потпишани трипартитни договори за соработка и имплементација на проектот. Во 20 општини беа ангажирани 20 медијатори за јакнење на свеста кај родителите за важноста од образование. Во една општина беше ангажира 1 негувателка Ромка за олеснување на процесот на социјализација на децата Роми во детските градинки со поддршка на Ромскиот образовен фонд. Заклучно со јуни 2022, беа вклучени 247деца ослободени од плаќање во 20 општини ( 20 градинки). Во рамките на проектот Инклузија на деца Роми во ЈОУДГ деца Роми опфатени преку ослободување со партиципација изнесува 247 или вкупно 60% од предвидениот таргет 390 за учебната 2021/2022 година.

Во делот поддршка на основното образование за Роми, Министертвото за образование и наука во рамките на учебната 2022/2023 година ангажира 40 ромски образовни медијатори од 28 општини во нашата држава. Истите имаат обврска да помогнат и преземат активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштата, спроведува редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовно соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците, презема активности за намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на учениците. Оваа мерка се имплементира од 2018 година и истата започна како мерка од НАП за образование согласно тогашната Национална Стратегија за Роми 2014 - 2020, за да само по една година на имплементација стане јавна политика и биде дефинирана во Законот за основно образование под член 37. Споредбено со изминатата 2021/2020 година бројот на ангажирани ромски образовани медијатори е зголемен за петмина или од 35 на 40 лица.

Како приоритетна област во поддршката на образовните процеси за Роми и зголемување на квалитетот на знаењата на учениците Роми, МОН за фискалната 2023, учебната 2022/23 година обезбеди средства за ангажирање на Педагошки помошници, мерка која треба да се имплементира во оваа тековна година.

По однос на проектот „Редовно на часови: Акција за вклучување на Ромите во основното образование" финансиран од Европската унија, МОН во соработка со Фондацијата Отворено општество и Чекор по чекор, се обезбедија стипендии за децата Роми запишани во прво одделение чии родители се приматели на ГМП, што ќе овозможи вклучување што поголем број деца Роми во основното образование, а воедно ќе се намали финансискиот трошок на ромските семејства поврзан со школувањето на нивните деца. Преку проектот се обезбеди поддршка на 645 ученици Роми преку доделување на 1515 стипендии за последните 3 учебни години во периодот од 2019 до октомври 2022 година , кога и всушност прокетот беше финализиран.

Во делот поддршка на средното образование на Роми, Министерство за образование и наука доделува стипендии за ученици Роми во јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија и за учебната 2022/2023 година беше објавен Конкурс за доделување на 950 стипендии за средношколци Роми во 4 категории (согласно општо постигнатиот успех на учениците). Министерство за образование и наука доделува стипендии за ученици Роми од 2008 година, а оваа мерка од 2016 година станува јавна политика и истата е дефинирана во Законот за ученицчки стандард под член 54. Споредбено со минатата учебна година, бројот на стипендии е зголемен за 50, поради зголемувањето на бројот на учениците Роми кои посетуваат настава во средните училишта. Воедно тука мора да се спомене и мерката согласно Конкурсот за упис во средните училишта согласно кој учениците учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во одредено јавно средно училиште ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаења и вештини во соодветното училиште.

Во прифатниот центар во Визбегово заклучно со месец декември 2022, згрижени се 13 семејства или вкупно 89 лица од кои 29 возрасни и 60 деца на возраст од 1 до 17 години. Во насока на подобрување на состојбата на лицата сместени во центарот, во текот на периодот на известување (јуни-декември) 2022, се преземаа активности од областа на вработувањето, социјалната заштита и образованието. Во учебната 2022/2023 година во подрачното училиште „Св. Климент Охридски" во Визбегово, вкупно 34 деца се запишани во основно образование, од кои во прво одделение 8 деца, во второ одделение 2 деца, во трето одделение 8 деца и во петто одделение 16 деца. Времено се вработени 2 лица, (2 фамилии), и двете лица се ангажирани како градежни работници.

Работоспособните лица се мотивирани и редовно се пријавуваат во АВСРМ како активни баратели на работа. Бројот на активни баратели на работа е 22 лица. Вкупно 4 семејства го остваруваат правото на Гарантиран минимален приход, детски и образовен додаток.

Континуирано се работи на зајакнување на економска одржливост, социјализација и ресоцијализација на семејствата. Во работата со овие семејства се вклучени стручни лица од Центрите за социјална работа, Министерство за труд и социјална полирика и две ромски НВО.

Во текот на 2021 година според Извештајот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија преку проектот ,, Активација на ранливи групи на пазарот на труд,, преку Компонентата 1. – Програма за советување и мотивација беа вклучени 640 баратели на работа и тоа во услугата психосоцијална поддрршка , а додека 230 добија менторска поддршка. Преку Компонета 2 – Програма за поддршка за вработување на преку обуки вкупно 91 невработено лице беа вклучени во одбука за побарувани занимања на пазарот на трудот, 20 лива беа вработени во рамките на мерката субвенционирање на плати; 7 лица беа вклучени во програмата практиканство.

Времетраење на проектот е од 36 месеци .Вкупниот буџет на проектот изнесува 4.191.401 евра.

**2.3.Приоритетна цел: Функционлни органи и тела за унапредување на еднакви можности на жените и мажите и спречување на дискриминација по различна основа**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел** 2.3:

Согласно член 11 став 4 и став 5 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (“Службен Весник на Република Северна Македонија” бр.6/2012 и 166/2014) органите на државна управа и единиците на локална самоуправа должни се да определат службено лице координатор и заменик координатор за еднакви можности на жените и мажите кои ќе ги координираат работите од надлежност на државниот орган, за воспоставување на еднакви можности. Според доставените податоци до МТСП- Сектор за еднакви можности има 46 координатори за еднакви можности на органи на државна управа, а на локално ниво назначени се 75 координатори и формирани се 70 Комисии за еднакви можности на жените и мажите .

Согласно Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022 – 2026 од страна на Владата на РСМ донесе Решение за формирање на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област (Сл. весник бр. 218 од 10.10.222). На 21.12.2022 година одржана е првата конститутивна седница каде се дискутираше за подоброто функционирање на НКТ во наредниот период со цел на спроведување на целите на Стратегијата за еднаквост и недискриминација.

Согласно законските обврски, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесе Извештај за работата на комисијата за 2021 година на разгледување во Собранието на Република Северна Македонија. Според податоците од Извештајот во , Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во 2021 година постапува по вкупно 167 поднесени претставки, од кои 14 претставки по основ на сексуална ориентација, родов идентитет и социјално потекло и утврдила дискриминација во 8 случаи. Во 2022 година биле поднесени 39 претставки и утврдила дискриминација по основ на сексуална ориентација, родов идентитет во 22 случаи.

**2.4.Приоритетна цел: Зголемена свест и разбирање во целокупното општесво за концептот на родова еднаквост и концептот на еднаквост и недискриминација**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на приоритетна цел 2.4:**

Министерство за труд и социјална политика во соработка со Мисијата на ОБСЕ подготвени се два електронски модули за учење (основен и напреден) за имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Истите се предадени на Министерството за информатичко општество за поставување како генерички обуки во системот на електронски обуки. МИОА по поставување на нов ЛАН систем за Е обуки истите ќе ги стави во функција.

Во рамки на Холандскиот проект, беше реализирана кампања „Со тебе сме" – Заедно против насилство врз жените и девојчињата се состои од постови за социјални медиуми, веб банери, рекламен материјал итн.Кампањата се емитуваше на Националната телевизија, социјалните медиуми, има сопствена страница на Инстаграм, веб-банери на портали итн.

Исто така во рамки на проект се воспоставија е-модули за обуки за родово базирано насилство и семејно насилство за различни даватели на услуги и мултисекторски обуки за тренери за справување со професионални структури во областите: социјална заштита, полиција, здравство, судство, образование и граѓански сектор и медиуми. Целта на електронското учење преку материјалот, содржините, тестовите, аудио и видео материјалите, е да се помогне и поддржи учењето на учесникот, да се потврди и унапреди стекнатото знаење и ширење на наученото и стекнатото знаење.

Е-модулите содржат вовед во родово и семејно насилство:

- Концепт, дефиниции за родово засновано насилство и семејно насилство
- Регулатива и дефиниции за родово засновано насилство и семејно насилство според меѓународните документи
- Дефиниции според националното законодавство
- Систем за заштита на жртвите на родово базирано насилство и семејно насилство

Во соработка со УНФПА се спроведува кампањата „Не си сама,,. Во рамките на оваа кампања согласно Стратегијата за коомуникација која ја подготвивме заедно се спроведуваат повеќе активности, снимени се видео пораки, анимирано видео, се организираат настани на локално ниво и сл. Во настаните учествваат претавници од МТСП ( од секторите за еднави можности и од Социјална заштита) како и од Центрите за социјална работа.

Под мотото „Препознајте, блокирајте и пријавете дигитални и други форми на насилство врз жените и девојчињата" започна кампања „16 дена активизам против родово базирано насилство" за 2022 година. Фокусот на овогодинешната кампања во Република Северна Македонија е на дигиталното и другите видови насилства врз жените и девојчињата, борбата против мачоизмот и токсичната машкост и улогата на структурите за јавна безбедност во

борбата против насилството врз жените и девојчињата како предуслов за намалување на родово заснованото насилство.

Ромските информативни центри како институционални центри кои преставуваат линк помеѓу заедницата на Роми и институциите на локално ниво за потребите на граѓаните во текот на периодот од јануари -јуни 2022 година дадени се вкупно 1362 услуги. (социјална заштита - 1085, здравство – 161, образование- 12, вработување - 27, лична документација – 24, домување -45 и друго -5). До крајот на 2022 година функционираат осум Ромски Информативни Центри (Гостивар, Делчево, Кочани, Виница, Неготино, Кичево, Битола и Шуто Оризари), во кои се ангажирани 9 ( девет) информатори.

За потребите на Министерство труд и социјална политика и за потребите на лиценцираните даватели на социјални услуги, во рамките на проектот,, Поддршка на модернизацијата и деинституционализација на социјалните услуги,, финасисран од ЕУ се подготвија два лесно читливи документи кои ги покриваат социјалните услуги помош и нега во домот и дневен престој за лица со попреченост.

Во рамките на Проектот за подобрување на социјалните услуги поддржан од Светска банка , поддржани се 34 проекти преку кои се создаваат услови за развој на социјални услуги . Половина од избраните општини се рурални средини. Опфатот на корисници на социјални услуги е околу 1300 на локално ниво во вкупно 41 општина.

Министерство за труд и социјална политика во текот на 2022 година отвори 11 нови градинки во државата.

Во однос на лицата со попречност, Министерството за труд и социјална политика развива современи политики преку воведувањето на Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје.Во 2022 година социјалните услуги лична асистенција ја користеле 311 лица, а додека услуга помош и нега во домот 678 лица. Владата на Северна Македонија го одбележа Меѓународниот ден на лицата со попреченост – 3 декември. Настанот беше организиран од страна на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лица со попреченост, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Националниот совет на инвалидски организации на Македонија и Германското друштво за интернационална соработка – (ГИЗ).

Кампањата ,,Блокирај ја омразата; Сподели ја љубовта“ се спроведе во рамки на проектот „Промоција на разноликоста и еднаквоста во Северна Македонија”, кој е дел од програмата „Horizontal Facility за Западен Балкан и Турција 2019-2022", финансирана од Европската Унија и Советот на Европа.

## 2. ПРЕДИЗВИЦИ И РИЗИЦИ ВО ТЕКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИСКИОТ ПЛАН СО ПРЕПОРАКИ

Вклучувањето на родовата перспектива во политиките, стратешките планови и недискриминација е еден од приоритетите на кои е посветена Владата на Република Северна Македонија.

Имплементацијата на стратешките документи од областа на родовата еднаквост придонесува кон остварување на овие приоритети и овозможување на еднакви можности на жените и мажите во сите области на општественото живеење.

И покрај тоа што имаме солидна законска рамка за родова еднаквости и недискриминација, сепак родовите стереотипи и традиционалните родови улоги е се уште доминатни во земјата. Во период од 25 години само 18 жени се избрани за градоначалнички на локалните избори, наспроти 642 мажи градоначалници. Родовиот јаз во стапката на вработеност кај лицата на возраст од 20 до 64 години изнесува 17,5%. [1]

**Препораки:**

- Усвојување и спроведување на Законот за родова еднаквост;
- Воспоставуавње на секретаријат за родова еднавост;
- Воспоставуавње на нови сервиси за жртви на насилство;
- Подготовки за воспоставување на систем за управување со информации за жени жртви на насилство;
- Унапредување на Законот за спречување и заштита од дискриминација во насока на поголема самостојност и функционалност на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација;
- Хармонизација на законската регулатива со Законот за спречување и заштита од дискриминација;
- Подготовка на посебна стратешка цел во Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022 – 2026 (анекс) за ЛГБТИ+
- Измена и дополнување на Законот за матична евиденција со кој треба да се овозможи правно признавање на родот;
- Градење на капацитети и подигање на јавната свест;
- Да се иницираат измени и дополнувања на Законот за спречување и заштита од дискриминација заради доуредување на прекршочната постапка за утврдување на механизми согласно кои Комисијата ќе ја следи примената на препораките во насока на елиминирање на утврдената дискриминација.

Препораките и активностите кои треба да се преземат се во насока на подобрување на сосојбата лицата со социјален ризик, намлување на сиромаштијата и вклученост на ранливите категории, лицата со попреченост и младите во остварување на нивните социјални права.

[1] Жените и Мажите во Северна Македонија: Статистички портрет на трендовите во областа на родовата еднаквост.Државен завод за статистика:2022 година

4. **ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА СПРОВЕДЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТА ОПШТЕСТВЕНА КОХЕЗИЈА**

| **Актиност/мерка предвидена за реализација во 2022 согласно Акцискиот план** | **Статус на реализација** | **Кратко образложение** |
|---|---|---|
| **Приоритет 1: Унапредување на одржлив и инклузивен социо-економски рамномерен регионален развој (РРР)** | | |
| Финансирање на проекти за подобрување на регионалната инфраструктура | реализирано | Обезбедена е и грантова шема за спроведвање на конкретни проекти кои што се финансирани со средства од швајцарската влада и од Министерството за локална самоуправа |
| Креиран електронски систем за следење на инвестиции во РРР | Реализирано | Спроведување на проектот Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој. Првата компонетта преку која е изработен електронскиот систем за координација во планирањето, спроведувањето,мониторинг и евалуација на политиката за рамномерен регионален развој е имплементиран преку проектната единица на вицепремиорот за економски прашања, додека останатите три компонети преку Министерството за локална самоуправа , во постојана координација со Швајцарска агенција за развој и соработка |
| Организирање на обуки, семинари итн. | Реализирано | Во рамките на проектот Оддржлив и инклузивен рамномерен регионален развој се зајакнуваат капацитетите на Центрите за развој во осумте плански региони преку континуирани обуки и подготовка на проекти. |
| **Приоритет 2 :Унапредување на општествена кохезија и интеграција со обезбедена родова еднаквост, недискриминација и еднакви можности по основа на сите различности** | | |

| | | |
|---|---|---|
| Функционална анализа на балансерот во однос на концепот на едно општество | реализирано | Август 2022год.внесени се податоци од последно спроведениот попис во 2021година кои се пополнува балансер колкулатор кој е составен дел од Годишните планови за вработување на институциите во јавниот сектор |
| Надградба на досегашниот систем | континитет | Финализирани се неколку закони кои се суштински за ефикасно функционирање на државната администрација , а истите воедно се и катализатор на отпочнатите процеси:<br>Закон за административни службеници и Закон за вработените во јавниот сектор; чии нови верзии беа објавени во ЕНЕР во септември 2022 година, ова недела ќе бидат во владина процедура, а кои овозможуваатдеполитизација на администрацијата, меритократски систем за вработување и оценување, правична и соодветна застапеност и професионалност на администрацијата.<br>Исто така, во завршна фаза сме на изготвување на Законот за висока раководна служба - кој обезбедува професионалност и ја зголемува одговорноста на институциите при одлучувањето. |
| Инфраструктурни проекти по населени места на маргинализирани етнички заедници | Реализирано | Проектот за подобрување на социјалните услуги поддржан од Светска банка, Проектот за подобрување на социјалните услуги поддржан од Светска банка, поддржани се 34 проекти преку кои се создаваат услови за развој на социјални услуги ко. Половина од избраните општини се рурални средини. Опфатот на корисници на социјални услуги е околу 1300 на локално ниво во вкупно 41 општина. Министерство за труд и |

| | | |
|---|---|---|
| | | социјална политика во текот на 2022 година отвори 11 нови градинки во државата. |
| Обезбедени здравствени услуги, социјална заштита | Реализирано | Ромските информативни центри како институционални центри кои преставуваат линк помеѓу заедницата на Роми и институциите на локално ниво за потребите на граѓаните во текот на периодот од јануари -јуни 2022 година дадени се вкупно 1362 услуги. (социјална заштита - 1085, здравство – 161, образование- 12, вработување - 27, лична документација – 24, домување -45 и друго -5). До крајот на 2022 година функционираат осум Ромски Информативни Центри (Гостивар, Делчево, Кочани, Виница, Неготино, Кичево, Битола и Шуто Оризари), во кои се ангажирани 9 ( девет) информатори |
| Обзебедени соодветни услови за образование (предучилишно, основно и средно) | Реализирано | Проектот Инклузија на деца Роми се спроведува 15 години. Во учебната 2021/2022, со 20 општини и ЈОУДГ беа потпишани трипартитни договори за соработка и имплементација на проектот. Во 20 општини беа ангажирани 20 медијатори за јакнење на свеста кај родителите за важноста од образование. Во една општина беше ангажира 1 негувателка Ромка за олеснување на процесот на социјализација на децата Роми во детските градинки со поддршка на Ромскиот образовен фонд. Заклучно со јуни 2022, беа вклучени 247деца ослободени од плаќање во 20 општини ( 20 градинки). Во рамките на проектот Инклузија на деца Роми во ЈОУДГ деца Роми опфатени преку ослободување со партиципација изнесува 247 или вкупно 60% од предвидениот |

| | | |
|---|---|---|
| | | таргет 390 за учебната 2021/2022 година.<br><br>По однос на проектот „Редовно на часови: Акција за вклучување на Ромите во основното образование“ финансиран од Европската унија, МОН во соработка со Фондацијата Отворено општество и Чекор по чекор, се обезбедија<br>стипендии за децата Роми запишани во прво одделение чии родители се приматели на ГМП. Преку проектот се обезбеди поддршка на 645 ученици Роми преку доделување на 1515 стипендии за последните 3 учебни години во периодот од 2019 до октомври 2022 година, кога и всушност проектот беше финализиран.<br><br>МОН во рамките на учебната 2022/2023 година ангажира 40 ромски образовни медијатори од 28 општини. |
| Анализа на состојбите во однос на вклученост на припадниците на маргинализираните групи во приватниот сектор | Реализирано | Во текот на 2021 година според Извештајот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија преку проектот ,, Активација на ранливи групи на пазарот на труд,, преку Компонентата 1. – Програма за советување и мотивација беа вклучени 640 баратели на работа и тоа во услугата психосоцијална поддрршка , а додека 230 добија менторска поддршка. Преку Компонета 2 – Програма за поддршка за вработување на преку обуки вкупно 91 невработено лице беа вклучени во одбука за побарувани занимања на пазарот на трудот, 20 лива беа вработени во рамките на мерката субвенционирање на плати; 7 |

| | | |
|---|---|---|
| | | лица беа вклучени во програмата практиканство. Времетраење на проектот е од 36 месеци .Вкупниот буџет на проектот изнесува 4.191.401 евра. |
| 3Економски развој - воведување на квоти/проценти од средствата на јавни набавки на централно ниво кои ќе се наменат за маргинализираните и дискриминираните групи. Оваа позитивна дискриминација преку одредени квоти од 20% ќе се однесува на сите немнозински заедници, но и на жените во рамките на родовата еднаквост, како и на дискримираните лица по сите основи | нереализирано | |
| **Приоритет 3. Функционални органи и тела за спречување на дискриминација по различна основа** | | |
| Анализа на состојбите на работењето на КЗД | Реализирано | Усвоен Извештај за работта на Комисијата за заштита од дискриминација 2021 година |
| **Приоритет 4. Зголемена свест и разбирање во целокупното општество за концептот ,,Едно општество и интеркултурализам”** | | |
| Кампања за родова еднаквост | Реализирано | Центарот за родово одговорно кој што е дел од Министерството за труд и социјална политика спроведува обуки со цел зајакнување на капацитетите на јавната администрација од родова перспектива. Покрај обуките Ресурсниот центар во својата електронска и физичка библиотека располага со голем број на публикации коишто придонесуваат во зголемување на родовата сензитивност и добивање на подобра слика за тоа што се случува во светот и кај нас, кои практики се позитивни и кои треба да се одбегнуваат. Во 2022 реализирани се 31 обуки и обучени се 401 лице вработено во јавен сектор. |

| | | |
|---|---|---|
| Кампања против семејно насилство | Реализирано | МТСП заедно со UNDP ја креираа првата мобилна апликацијата за помош и поддршка на жртвите на насилство „Биди безбедна”, достапна на македонски, албански и ромски јазик.<br>Кампањата Со тебе сме – Заедно против насилството врз жените и девојчињата“, која има за цел подигање на свеста за насилството и воедно охрабрување за негово пријавување.<br>Под мотото „Препознајте, блокирајте и пријавете дигитални и други форми на насилство врз жените и девојчињата“ започна кампања „16 дена активизам против родово базирано насилство” за 2022 година. Фокусот на овогодинешната кампања во Република Северна Македонија е на дигиталното и другите видови насилства врз жените и девојчињата, борбата против мачоизмот и токсичната машкост и улогата на структурите за јавна безбедност во борбата против насилството врз жените и девојчињата како предуслов за намалување на родово заснованото насилство. |
| Кампања за етничка и религиска толеранција | реализирано | Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Фондацијата ЕКАЈ, одржаа Регионална конференција на тема „Како до подобра заштита на малцинствата од дискриминација“ |
| Кампања за недискриминација на лица со посебни потреби, стари и изнемоштени лица | Реализирано | Националното одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост – 3 декември. Настанот беше организиран од страна на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лица со попреченост, во соработка со |

| | | |
|---|---|---|
| | | Министерството за труд и социјална политика, Националниот совет на инвалидски организации на Македонија и Германското друштво за интернационална соработка – (ГИЗ). |
| Кампања за недискриминација на лица по однос на сексуална ориентација | Реализирано | Кампањата ,,Блокирај ја омразата; Сподели ја љубовта“ се спроведе во рамки на проектот „Промоција на разноликоста и еКоднаквоста во Северна Македонија”, кој е дел од програмата „Horizontal Facility за Западен Балкан и Турција 2019-2022″, финансирана од Европската Унија и Советот на Европа. |

## - СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ЛОКАЛНА САМОУПРАВА -

## РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО СТРАТЕШКАТА ОБЛАСТ ,,ЛОКАЛНА САМОУПРАВА"

Локалната самоуправа е исклучително важен сегмент од општественото уредување, кој што значително го определува нивото на демократизација на општеството, пред се од аспект на вклученоста на граѓаните во донесувањето на одлуките, како и во смисла на воедначен и правичен пристап до ресурсите и услугите за сите граѓани. Овие вредности имаат директно влијание на градењето на довербата меѓу властите и граѓаните, меѓу етничките заедници и генерално на просперитетот на локалните заедници и на државата.

Имајќи ги предвид овие клучни придобивки на локалната самоуправа кои што се во корелација со концептот за едно општество и интеркултурализам, во стратешката

област Локална самоуправа се дефинирани приоритети, мерки и активности чија што реализација има директно влијание на поголемата вклученост на граѓаните во процесите на управување на локално ниво, преку пофункционални механизми за граѓанско учество, воедначен пристап до информациите од јавен карактер во сите ЕЛС, преку подобрување на активната транспарентност со користење на нови технологии, како и поголема инклузивност во пристапот до услугите преку дигитализација на административните услуги, меѓуопштинска соработка заради обезбедување на поголем опфат на услуги на поефикасен и поекономичен начин и секако, олеснување на физичкиот пристап до услугите на лицата со попреченост преку отстранување на физичките бариери.

Досега во сите овие сегменти е постигнат значителен напредок, главно со финансиска и експертска поддршка од меѓународната донаторска заедница и од граѓанскиот сектор. Квантитативно изразено, во Приоритет 1. Унапредување на локалната демократија и создавање еднакви можности за сите од планираните 9 активности, реализирани се 8, а една активност е во тек на реализација. Во Приоритет 2. Обезбедување на правичен пристап до јавните услуги на локално ниво, од вкупно 5 планирани активности, реализирани се 4, а една е во фаза на реализација.

## 1. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

**Приоритет 1: Унапредување на локалната демократија и создавање еднакви можности за сите**

**1.1 Приоритетна цел: Воспоставени функционални механизми за соработка и разбирање меѓу заедниците во единиците на локалната самоуправа**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на приоритетна цел 1.1:**

**Мерка 1.1.1. Обезбедување ефективни платформи за соработка меѓу заедниците и остварување на начелото еднакви можности за сите**

**Активност 1.1.1.1.** Подобрување на функционалноста на месната самоуправа

**Статус на реализација:**

- Министерството за локална самоуправа во соработка со УНДП во рамките на проектот Подобрување на општинското управување подготви анализа за функционалноста на месните и урбаните заедници со препораки за нејзино подобрување, во смисла на подобрување на статусот и подетално дефинирање на одговорностите во законот за локалната самоуправа.

- Направена е и оценка на имплементацијата на Законот за локалната самоуправа, каде што во еден широк консултативен процес со сите засегнати страни е нотирано дека се потребни измени и дополнувања на Законот за локалната самоуправа во смисла на обезбедување на правна рамка која што ќе обезбеди услови за подобрување на функционалноста на месната самоуправа заради подобро адресирање на приоритетите на граѓаните на ниво на месна/урбана заедница до локалните власти и нивна реализација.
- Во Акцискиот план за реализација на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација подготовката на измените и дополнувањата на Законот за локалната самоуправа е поместена за 2023 г.

**Активност 1.1.1.2.** Подобрување на функционалноста на консултативни тела во ЕЛС: (Комисии за односи меѓу заедниците, Комисии за еднакви можности меѓу мажите и жените, Совети на потрошувачи)

**Статус на реализација:**

- Министерството за локална самоуправа со поддршка на ОБСЕ во периодот август-декември 2021 година подготви анализа: Комисиите за односи меѓу заедниците во функција на градење на концептот Едно општество и интеркултурализам-Како до функционален механизам. Во анализата е даден осврт за потребата од функционални Комисии, за причините за нивната нефункционалност и конкретни препораки за подобрување на законската рамка и за подобрување на овозможувачката околина за нивно функционирање во полн капацитет.
  Во 2022 година од страна на ОБСЕ во соработка со Министерството за локална самоуправа е подготвен прирачник за општините и за граѓаните: “Јас и Комисијата за односи меѓу заедниците” и е одржана една обука за претставници од Комисиите и од општините заради правилна примена на Законот и подигнување на јавната свест за функциите на Комиосиите и за начините на кои што може да се подобри нивното работење.
  За 2023 се планира да се подготват измени и дополнувања на Законот за локалната самоуправа, при што ќе бидат земени предвид препораките од направената анализа и од прирачникот.
- Во рамките на спроведената оценка на имплементацијата на Законот за локалната самоуправа е опфатена и функционалноста на консултативните тела кои што се предвидени со овој Закон: Комисиите за односи меѓу заедниците и Советите на потрошувачите. Препораките произлезени од оценката на Законот исто така ќе бидат земени предвид при подготовката на измените и дополнувањата на Законот за локалната самоуправа.

**Активност 1.1.1.3.** Измена на законска регулатива за попрецизно уредување на функционирањето на консултативни тела (избор на членови, начин на финансирање, утврдени надлежности, итн.)

**Статус на реализација:**

- Подготовката на измените и дополнувањата на Законот за локалната самоуправа во Министерството за локална самоуправа се планирани за 2023 година.

**Клучни индикатори и резултати за приоритетна цел 1.1**

1. **Подготвена е анализа за функционалноста на месната самоуправа и се донесени измени и дополувања на Законот за локалната самоуправа**
2. **Подготвена анализа за функционалноста на консултативните тела и препораки за нивно подобрување/ укинување/ редизајнирање (КОМЗ, КЕМ, Совети на потрошувачи и др).**
3. **Донесени се законски измени за допрецизирање на функционирањето на консултативни тела на ЕЛС**

## 1.2 Приоритетна цел: Зајакнато партнерство меѓу општината и граѓаните за општа благосостојба

### Мерка 1.2.1. Воспоставување мост на соработка меѓу ЕЛС и граѓаните

**Активност 1.2.1.1.** Анализа на функционирањето на механизмите на ЕЛС за консултација и учество на граѓаните /функционалност и одржливост, со препораки

**Статус на реализација:**

- Министерството за локална самоуправа во соработка со ОБСЕ направи мапирање на механизмите за граѓанско учество на локално ниво со цел да се обезбеди одджлив модел кој ќе се практикува во сите ЕЛС и кој ќе обезбеди поголема вклученост на граѓаните во донесувањето на одлуките за сите приоритетни прашања.
- Подготвена е и компаративна анализа за различни механизми на консултација и нивната примена, како и за ефектите што ги даваат.
- За 2023 година е предвидено во соработка со ОБСЕ да се креираат механизми за консултација во 2 пилот општини и да се поддржи нивното функционирање.
- Во рамките на спроведената оценка на имплементацијата на Законот за локалната самоуправа посебен акцент беше ставен на функционалноста на постојните механизми за консултација и на потребата од развивање на нови механизми со користење на нови технологии.
- При подготовката на измените и дополнувања на Законот за локалната самоуправа ќе бидат земени предвид препораките од направените анализи, од оценката на Законот и од добрите пракси.

**Активност 1.2.1.2.** Поддршка на ЕЛС во воспоставувањето на механизми за консултација и соработка со ГО

**Статус на реализација:**

- Во втората фаза од проектот ,,Зајакнување на општинските совети", која што стартуваше во 2022 година, во соработка со УНДП се воспоставуваат нови алатки за консултација и за соработка со граѓаните во уште 40 општини. Во првата фаза во 24 општини се креирани алатки за подобрување на учеството на граѓаните во работата на Советите на општините (обезбедени се соодветни услови за директно учество на граѓаните на седниците на Советот, обезбедена е опрема за директно пренесување на седниците на Советот, обезбеден е физички пристап за лицата со попреченост и тн.)
- Во втората фаза од проектот ,,Локалната демократија во Западен Балкан" што го имплементира УНДП (април 2021 до сега), во уште 7 (две од првата фаза и во пет нови-во општина Охрид, општина Битола, општина Гостивар, општина Куманово, општина Велес, општина Кочани и општина Гевгелија) или во вкупно 10 општини досега, се воспоставени механизми за транспарентна и отчетна соработка на општините со ГС и заеднички ќе бидат реализирани уште 40 нови проекти. Во првата фаза во пет општини (Куманово, Струмица, Кавадарци, Гостивар и Ресен) е воспоставена единствена Методологија, усвоена од Советите на петте општини за начинот на распределба на наменските средства за финансирање на ГО на транспарентен и отчетен начин преку организирање на јавни повици. Со измените на Законот за здруженија и фондации се планира механизам за транспарентна и отчетна финансиска поддршка на ГО да се предвиди за сите корисници на јавни средства.
- Во рамките на проектот Ефективен механизам за граѓанско учество, имплементиран од Фондацијата за развој на локалната заедница Штип во 11 те општини од Источниот плански регион се зајакнати капацитети на локални граѓански организации за застапување и мониторинг на локални политики и е воведен одржлив и остварлив механизам (Советодавни тела) за партиципативно донесување на одлуки на локално ниво и информирање на граѓаните за креирањето на локалните политики.

**Активност 1.2.1.3.** Подобрување на законската рамка - Измени на законот за локалнта самоуправа и на Законот за рамномерен регионален развој

**Статус на реализација:**

- На 27 јануари 2021 година е донесен нов Закон за рамномерен регионален развој со кој е предвидена задолжителна консултација на граѓаните при утврдувањето на приоритетните проекти за развој на планскиот регион кои што ќе се финансираат од Буџетот на државата и од други извори во наредната година. Со подзаконски акт е уреден начинот на консултација на граѓаните по примерот на моделот Форуми во заедниците.

**Клучни индикатори и резултати за приоритетна цел 1.2**

1. **Направено е мапирање на консултативните механизми на ЕЛС**
2. **1/3 од општините имаат функционални механизми за консултација и соработка на ГО**

3. **Донесени се измени и дополнувања на Законот за локалната самоуправа и на законот за рамномерен регионален развој и на други закони**

**1.3 Приоритетна цел: Зголемена транспарентност и отчетност на општините**

**Мерка 1.3.1. Подобрување на транспарентноста на ЕЛС**

**Активност 1.3.1.1.** Насоки за подобрување на активна транспарентност на ЕЛС и нивна дистрибуција до сите општини

**Статус на реализација:**

- Врз основа на Заклучок на Владата, Министерството за локална самоуправа во соработка со УСАИД во 2022 година подготви Кодекс за транспарентност на локално ниво. Кодексот содржи детални насоки за информациите кои што согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Законот за локалната самоуправа и други материјални закони, општините се должни да ги објават на своите ВЕБ страници, за начинот на објавување како и за динамиката на нивно ажурирање, со цел да се обезбеди активна транспарентност за работата на локалните власти и локалната администрација и за услугите што ги обезбедува општината. Кодексот е објавен на ВЕБ страната на Министерството, на посебен настан е претставен пред локалните власти, а е планирана и обука за вработените во локалната администрација за 2023 година.
- Покрај постојните 24, во 2022 година во уште 40 општини се воспоставува електронска алатка за следење на реализацијата на општинските буџети преку објавување на кварталните и годишните извештаи. Алатката е објавена на ВЕБ страницата на Министерството за финансии и засега можат да се најдат податоци за реализацијата на општинските буџети за првите 24 општини и за уште 16 што самоиницијативно се вклучија.
  Оваа алатка на Глобалниот самит за Отворено Владино партнерство што се оддржа во ноември 2021 во Кореа ја освои третата награда за територијата на Европа.
- Заради операционализација на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во функција на обезбедување на активна транспарентност, Владата на РСМ на седницата одржана на 07.12.2020 година по Информацијата за листа на документи и информации кои имателите на информации се обврзани да ги објават на своите ВЕБ страници усвои Заклучок со кој што на ЕЛС им препорача во рок од 30 дена на своите ВЕБ страници да ги објават документите и информациите наведени во членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Активност 1.3.1.2.** Подобрување на законската рамка/Измени и дополнување на Законот за локалната самоуправа

**Статус на реализација:**

- Измените и дополнувањата на Законот за локалната самоуправа се поместени за 2023 година.

**Активност 1.3.1.3.** Обука за отворени податоци за ЕЛС

**Статус на реализација:**

- Во рамките на проектот Граѓанинот на прво место, во имплементација на Центарот за управување со промени, се реализирани обуки за отворени податоци на основно ниво со цел ЕЛС да се информираат за одредбите од Законот за користење на податоци од јавниот сектор и за корисноста од отворените податоци.
- ГО Метаморфозис реализира обуку за отворени податоци во 17 ЕЛС на кои што им е обезбедена поддршка за изработка на по пет податочни сетови во секоја општина, за информации за кои што општината оценува дека и се приоритетни.

**Клучни индикатори и резултати за приоритетна цел 1.3**

1. **Изработен прирачник со јасни насоки за активна транспарентност на ЕЛС**
2. **Донесени измени на законот за локалната самоуправа со подзаконски акт за подобрување на активната транспарентност на ЕЛС**
3. **Реализирана обука за отворени податоци на ЕЛС**

## Приоритет 2: Обезбедување на правичен пристап до јавните услуги на локално ниво

### 2.1 Приоритетна цел: Зајакнати институционални капацитети за испорака на јавните услуги на локално ниво, согласно потребите на граѓаните

**Мерка 2.2.1. Општина во служба на граѓаните**

**Активност 2.2.2.1.** Идентификување на со закон утврдените услуги кои што ги испрачуваат општините

**Статус на реализација:**

- Министерството за информатичко општество и администрација има подготвено Каталог на услуги во кој што се излистани сите услуги кои што произлегуваат од Закон без разлика дали се надлежност на централната или локалната власт. Услугите што ги обезбедуваат ЕЛС сеуште не се објавени на порталот Е-услуги поради потребата од нивна верификација.

**Активност 2.2.2.2.** Верификација на услугите од страна на надлежните министерства и нивно објавување на единствениот електронски портал Услуги.мк

**Статус на реализација:**

- Активноста ќе ја организира МИОА во соработка со други надлежни министерства.

**Клучни индикатори и резултати за приоритетна цел 2.1**

**1.Идентификувани услуги нивно инкорпорирање во Каталогот на услуги**

**2.Пристапување до услугите преку порталот Услуги.мк**

**2.2 Приоритетна цел: Зголемена соработка на општините за решавање на заедничките потреби на граѓаните**

**Активност 2.2.1.1.** Поттикнување на МОС заради подобрување на услугите

**Статус на реализација:**

- Во рамките на проектот По ковид-општините како двигатели на локалниот развој, во 2022 година со поддршка на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој се воспоставени 9 нови форми на меѓуопштинска соработка во следните области : Цивилна заштита: Крива Паланка и Ранковце, Кавадарци и Неготино, Струга и Вевчани, Дојран и Валандово, Прилеп и Долнени – набавена е опрема за противпожарните служби, направена е онлајн алатка за пријавување на ризик од незгоди. Дигитализација на општински услуги: Радовиш и Конче, Општините од Источен плански регион (11) и Велес со 4 други општини од Вардарски регион – изработен е софтвер за дигитализација на 30 општински услуги. Локален економски развој со фокус на земјоделство – Струмица и Василево.
  Проектот се имплементира во соработка со УНДП.

**Клучни индикатори и резултати за приоритетна цел 2.2**

1. **Зголемен број на воспоставена МОС**

**2.3 Приоритетна цел: Јавни услуги за сите**

**Мерка 2.3.1.Подобрување на пристапот до јавните услуги**

**Активност 2.3.1.1.** Обезбедување на услови за физички пристап до сите јавни објеклти во ЕЛС за лицата со попреченост

**Статус на реализација:**

- Во рамките на проектот Зајакнување на општинските совети, во компонентата за обезбедување на инклузивност и поголема вклученост на граѓаните, е обезбеден и физички пристап до јавни објекти за лица со попреченост.
- Проектот продолжи со реализација на вакви активности и во фтората фаза во нови 40 општини, или вкупно 64 општини.

**1.4 Приоритетна цел: Зголемена транспарентност и отчетност на општините**

**Активност 2.3.1.2.** Зајакнување на капацитетите на ЕЛС за информирање и пристап до информации од јавен карактер за лица со попреченост

**Статус на реализација:**

- Во општините од Североисточниот и Источниот плански регион е направено прилагодување на ВЕБ страниците за нивно полесно користење од страна на лицата со оштетен вид. За потребите на општините од овие два плански региони се подготвени соодветни прирачни за лицата со попреченост за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Проектот го имплементираше ГО Инклузива од куманово со поддршка на ГО Метаморфозис.

**Клучни индикатори и резултати за приоритетна цел 2.3**

1. **Зголемен број на јавни објекти во ЕЛС со физички пристап до лица со попреченост**
2. **Зголемен број на општини кои што ги прилагодиле ВЕБ страниците и имаат определено лице за поддршка на лицата со попреченост**

## 2. ПРЕДИЗВИЦИ И РИЗИЦИ ВО ТЕКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА СО ПРЕПОРАКИ

За остварување на поставените приоритети и цели во наредниот период од исклучителна важност интересот и поддршката на донаторската заедница. Но, најголемиот предизвик е како постигнатите придобивки да станат оддржливи и по завршувањето на проектите. За таа цел, Стратегијата за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам, во стратешката област Локална самоуправа има предвидено активности што треба да доведат до институционализирање на добрите практики преку измени и дополнувања на релевантните закони, како и акти на локално ниво. Во 2022 година Министерството за локална самоуправа со поддршка на УНДП подготви Методологија, а во 2023 година, по направената оценка за спроведувањето на Законот за локалната самоуправа, планира да отвори широка јавна расправа со релевантните целни групи за подобрување на текстот на законот. Оваа активност е предвидена и во овој Акциски план, со цел препораките од анализите и другите подготвени документи да бидат вградени во Законот за локалната самоуправа со што би се подобрила функционалноста на телата и механизмите кои имаат директно влијание на граѓанското учество и на односите меѓу заедниците на локално ниво. Исто така од голема важност е континуираното зајакнување на капацитетите на локалната администрација и на граѓанските организации кои што делуваат на локално ниво, поттикнување на нивната соработка и подигнување на свесноста дека само преку транспарентна и отчетна соработка на органите на локалната власт и локалната администрација со граѓаните  може да се обезбеди развој и подобар квалитет на живеење за сите граѓани.Поаѓајќи од искуството во спроведувањето на актуелниот Акциски план, а имајќи предвид дека единиците на локалната самоуправа се самостојни

во креирањето и во спроведувањето на локалните политики, за наредниот стратешки период треба да се отвари прашањето дали кластерот локална самоуправа треба да остане како посебен, или пак треба да биде инкорпориран во сите други кластери, по области, во кои што и локалната самоуправа има значајни надлежности и треба да биде вклучена подиректно во креирањето и во имплементацијата на активностите.

## 3. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА СПРОВЕДЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА ПРИОРИТЕТНАТА ОБЛАСТ ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

| **Актиност/мерка предвидена за реализација во 2022 согласно Акцискиот план** | **Статус на реализација** | **Кратко образложение** |
|---|---|---|
| **Приоритет 1. Унапредување на локалната демократија и создавање еднакви можности за сите** | | |
| **Активност 1.1.1.1.** Подобрување на функционалноста на месната самоуправа | Реализирана<br><br>Континуирано | Подготвена е анализа за функционалноста на месните и урбаните заедници со препораки за нејзино подобрување, во смисла на подобрување на статусот и подетално дефинирање на одговорностите во законот за локалната самоуправа.<br><br>Направена е и оценка на имплементацијата на Законот за локалната самоуправа, каде што во еден широк консултативен процес со сите засегнати страни е нотирано дека се потребни измени и дополнувања на Законот за локалната самоуправа во смисла на обезбедување на правна рамка која што ќе обезбеди услови за подобрување на функционалноста на месната самоуправа заради подобро адресирање на приоритетите на граѓаните на ниво на месна/урбана заедница до локалните власти и нивна реализација.<br><br>Во Акцискиот план за реализација на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација подготовката на измените и дополнувањата на Законот за |

| | | |
|---|---|---|
| | | локалната самоуправа е поместена за 2023 г. |
| **Активност 1.1.1.2.** Подобрување на функционалноста на консултативни тела во ЕЛС: (Комисии за односи меѓу заедниците, Комисии за еднакви можности меѓу мажите и жените, Совети на потрошувачи) | Реализирана<br><br>Континуирано | Подготвена е анализа: Комисиите за односи меѓу заедниците во функција на градење на концептот Едно општество и интеркултурализам-Како до функционален механизам. Во анализата е даден осврт за потребата од функционални Комисии, за причините за нивната нефункционалност и конкретни препораки за подобрување на законската рамка и за подобрување на овозможувачката околина за нивно функционирање во полн капацитет.<br><br>Во 2022 година од страна на ОБСЕ во соработка со Министерството за локална самоуправа е подготвен прирачник за општините и за граѓаните: “Јас и Комисијата за односи меѓу заедниците” и е одржана една обука за претставници од Комисиите и од општините заради правилна примена на Законот и подигнување на јавната свест за функциите на Комиосиите и за начините на кои што може да се подобри нивното работење.<br><br>За 2023 се планира да се подготват измени и дополнувања на Законот за локалната самоуправа, при што ќе бидат земени предвид препораките од направената анализа и од прирачникот. |
| **Активност 1.1.1.3.** Измена на законска регулатива за попрецизно уредување на функционирањето на консултативни тела (избор на членови, начин на финансирање, утврдени надлежности, итн.) | Во тек | Подготовката на измените и дополнувањата на Законот за локалната самоуправа се предвидени за 2023 година |

| | | |
|---|---|---|
| **Активност 1.2.1.1.** Анализа на функционирањето на механизмите на ЕЛС за консултација и учество на граѓаните /функционалност и одржливост, со препораки | Реализирана | Направено е мапирање на механизмите за граѓанско учество на локално ниво со цел да се обезбеди одджлив модел кој ќе се практикува во сите ЕЛС и кој ќе обезбеди поголема вклученост на граѓаните во донесувањето на одлуките за сите приоритетни прашања.<br><br>Подготвена е и компаративна анализа за различни механизми на консултација и нивната примена, како и за ефектите што ги даваат.<br><br>За 2023 година е предвидено во соработка со ОБСЕ да се креираат механизми за консултација во 2 пилот општини и да се поддржи нивното функционирање.<br><br>Во рамките на спроведената оценка на имплементацијата на Законот за локалната самоуправа посебен акцент беше ставен на функционалноста на постојните механизми за консултација и на потребата од развивање на нови механизми со користење на нови технологии. |
| **Активност 1.2.1.2.** Поддршка на ЕЛС во воспоставувањето на механизми за консултација и соработка со ГО | Реализирана | Се воспоставуваат нови алатки за консултација и за соработка со граѓаните во уште 40 општини. Во првата фаза во 24 општини се креирани алатки за подобрување на учеството на граѓаните во работата на Советите на општините (обезбедени се соодветни услови за директно учество на граѓаните на седниците на Советот, обезбедена е опрема за директно пренесување на седниците на Советот, обезбеден е физички пристап за лицата со попреченост и тн.) |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во втората фаза од проектот ,,Локалната демократија во Западен Балкан” што го имплементира УНДП (април 2021 до сега), во уште 7 (две од првата фаза и во пет нови-во општина Охрид, општина Битола, општина Гостивар, општина Куманово, општина Велес, општина Кочани и општина Гевгелија) или во вкупно 10 општини досега, се воспоставени механизми за транспарентна и отчетна соработка на општините со ГС и заеднички ќе бидат реализирани уште 40 нови проекти. |
| **Активност 1.2.1.3.** Подобрување на законската рамка - Измени на законот за локалнта самоуправа и на Законот за рамномерен регионален развој | Реализирана<br><br>Во тек | Донесен е нов Закон за рамномерен регионален развој, во 2023 година ќе се пристапиу кон подготовка на измени и дополнување на Законот за локалната самоуправа |
| **Активност 1.3.1.1.** Насоки за подобрување на активна транспарентност на ЕЛС и нивна дистрибуција до сите општини | Реализирана | Врз основа на Заклучок на Владата, Министерството за локална самоуправа во соработка со УСАИД во 2022 година подготви Кодекс за транспарентност на локално ниво. Кодексот содржи детални насоки за информациите кои што согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Законот за локалната самоуправа и други материјални закони, општините се должни да ги објават на своите ВЕБ страници, за начинот на објавување како и за динамиката на нивно ажурирање, со цел да се обезбеди активна транспарентност за работата на локалните власти и локалната администрација и за услугите што ги обезбедува општината. Кодексот е објавен на ВЕБ страната на Министерството, на посебен настан е претставен пред локалните власти, а е планирана и |

| | | |
|---|---|---|
| | | обука за вработените во локалната администрација за 2023 година. |
| **Активност 1.3.1.2.** Подобрување на законската рамка/Измени и дополнување на Законот за локалната самоуправа | Реализирана<br><br>Во тек | Направена е оценка на спроведувањето на Законот за локалната самоуправа, по што ќе се пристапи кон процес на консултација за измени и дополнување на Законот |
| **Активност 1.3.1.3.** Обука за отворени податоци за ЕЛС | Реализирана<br><br>Континуирано | Реализирани се обуки во 17 општини |
| **Приоритет 2. Обезбедување на правичен пристап до јавните услуги на локално ниво.** | | |
| **Активност 2.2.2.1.** Идентификување на со закон утврдените услуги кои што ги испрачуваат општините | Реализирана | Направен е регистар на услуги во кој се внесени сите услуги кои што се креирани со закон, вклучително и услугите на локално ниво. |
| **Активност 2.2.2.2.** Верификација на услугите од страна на надлежните министерства и нивно објавување на единствениот електронски портал Услуги.мк | Во тек | Формирана е работна група која што работи на верификацијата на услугите и нивното објавување на порталот Е услуги. |
| **Активност 2.2.1.1.** Поттикнување на МОС заради подобрување на услугите | Реализирана | Воспоставени се 9 нови меѓуопштински соработки во областите заштита и спасување, е-услуги и локален економски развој. |
| **Активност 2.3.1.1.** Обезбедување на услови за физички пристап до сите јавни објекти во ЕЛС за лицата со попреченост | Реализирана | Во рамките на проектот Зајакнување на општинските совети, во компонентата за обезбедување на инклузивност и поголема вклученост на граѓаните, е обезбеден и физички пристап до јавни објекти за лица со попреченост во 64 општини. |
| **Активност 2.3.1.2.** Зајакнување на капацитетите на ЕЛС за информирање и пристап до информации од јавен карактер за лица со попреченост | Реализирана | Прилагодени се ВЕБ страниците нна општионите од Североисточниот и од Источниот плански регион за полесен пристап на лицата со попречен вид |

## - СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ПРАВНА РАМКА -

## РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО СТРАТЕШКАТА ОБЛАСТ ..ПРАВНА РАМКА"

Приоритетната област Правна рамка беа утврдени два приоритети, при што поголемиот дел од активностите зацртани во стратешкиот план се реализирани. Значајно е да се напомене дека е започната обука на осмата генерација слушатели на почетна обука во Академија за судии и обвинители, донесена е нова Национална Стратегија за еднаквост и недискриминација за 2022-2026, продолжен е рокот за поднесување на барања за упис во матичната книга на родени кои се однесуваат на неевидентираните лица.

### 1. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

## Приоритет 1: Ревитализација на институциите во државата од законодавната, извршната и судската власт во функција на изградба и афирмација на концептот „Едно општество за сите со развиен интеркултурализам“

**1.1 Приоритетна цел: Зајакнати функционални институции кои континуирано го етаблираат и развиваат концептот „Едно општество за сите со развиен интеркултурализам**

**1.2 Приоритетна цел: Воспоставување на функционална мрежа за соработка и интеракција на институциите одговорни за концептот „Едно општество за сите со развиен интеркултурализам;**

### Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.1 и 1.2.:

Реализација на активноста 1.2 „Реафирмирање на уставниот принцип на правичната застапеност од сите заедници во правосудните органи“, е под надлежност на Академијата за судии и јавни обвинители, како водечка институција, а Судскиот совет и Совет на Јавните обвинители, се јавуваат како институции учеснички. Оваа активност исто така се спроведува во континуитет. Имено, при утврдување на ранг листата на осмата генерација на слушатели на почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители исто како и за претходните генерации, принципот на правична застапеност на сите заедници е испочитуван. Проекцијата за слободни места во судството/обвинителството ја утврдува Судскиот совет и Советот на јавни обвинители според реалните потреби и упразнетите места и доставуваат извештај до Управниот одбор на Академијата. Начелото на соодветна застапеност се остварува врз основа на одлука на Управниот одбор на Академијата на начин што бројкот на слушатели од редот на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници се утврдува во однос на вкупниот број на слушатели од сите апелациони подрачја Согласно добиените податоци од Академија за судии и јавни обвинители почетната обука ја следат 97 слушатели од кои 65 лица од женски пол и 32 лица од машки пол. Според етничката припадност обуката ја следат 64 Македонци, 24 Албанци, 3 Турци, 4 Срби, 1 Влав и 1 Бошњак. Реализацијата на активноста 1.3 Формирање комисии за односи меѓу заедниците на локално ниво е согласно одредбите од Законот за локалната самоуправа. Согласно член 55 од Законот за локалната самоуправа, во општината во која најмалку 20% од вкупниот број жители на општината утврден на последниот извршен попис на населението се припадници на одредена заедница се формира комисија за односи меѓу заедниците. Согласно резултатите од пописот во 2021 година, а во врска со одредбите од Законот за локалната самоуправа, во обврска се 17 единици на локалната самоуправа да конституираат комисии за односи меѓу заедниците. Оваа обврска следи после локалните избори одржани на крајот на 2021. Во текот на 2022 година, а од увидот на официјалните интернет страници во месец јануари 2023 година, од наведените 17 единици на локалната самоуправа само 7 имаат конституирано комисии за односи меѓу заедниците. Врз основа на спроведениот попис во 2021 година 5 единици на локалната самоуправа се во обврска да направат измени во своите статути и да предвидат формирање на комисии за односи меѓу заедниците, бидејќи ги исполнуваат условите од член 55 од Закон за локалната самоуправа.

Комитетот за односи меѓу заедниците во Собранието на Република Северна Македонија“ одржа 6 седници за што известува на веб страната на Собранието. https://www.sobranie.mk/detali-na-komisija.nspx?param=13936bcb-e2fe-4a22-9649-0b5190771753

## Приоритет 2: Воспоставен ефикасен и функционален систем за доследно спроведување на правната регулатива која обезбедува еднакво општество за сите

### 2.1 Приоритетна цел: Хармонизирана домашна правна регулатива со меѓународните документи кои се во духот на концептот „Едно општество за сите и интеркултурализам“

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 2.1:**

Во рамките на овој приоритет предвидена е активност 2.1.1 „ Изработка на преглед-анализа за хармонизираноста на домашната регулатива со меѓународните стандарди и јуриспруденција кои се однесуваат на интеркултурализмот“. Како водечка институција, Владата на Република Северна Македонија требаше да определи експерт/и кои ќе работат на изработката на оваа активност, а во реализацијата да бидат вклучени и министерствата кои се вклучени во спроведувањето на Стратегијата како и Мисијата на ОБСЕ во Скопје. ОВАА АКТИВНОСТ НЕ Е РЕАЛИЗИРАНА / НЕ Е ЗАПОЧНАТА. Согласно предвидената активност 2.1.2 Донесена е нова **Национална стратегија за еднаквост и недискриминација за 2022-2026 година**. Реализацијата на активноста е под надлежност на Владата, министерствата, Комисија за спречување и заштита од дискриминација и Народниот правобранител. Стратегијата се надоврзува на претходната Стратегија 2016-2020 и ја изразува подготвеноста на Република Северна Македонија за унапредување на состојбата на еднаквоста и недискриминацијата, потенцирајќи го заедништво низ разликите и едно општество за сите, и ги дефинира целите, активностите, мерките, индикаторите и одговорните институции за нејзино спроведување на централно и локално ниво. Со усвојување на овој документ кој што е четврти по ред, се воспоставува широка стратешка рамка која ги обединува сите области на делување за постигнување на еднаквост и недискриминација. Истата е објавена на сајтот на Министерството за труд и социјална политика. https://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx

### 2.2 Приоритетна цел: Воспоставување пракса на ex ante и ex post евалуација на законската регулатива

**Постигнати резултати во 2022 во насока на исполнување на Приоритетна цел 2.2:**

Активноста 2.2.1 „Ex ante проценка и Ex-post евалуација на законската регулатива дали е во согласност со вредностите на Стратегијата „Едно општество за сите и интеркултурализам“,. не е реализирана/ не е започната. Министерството за правда во 2021 год. го информираше Националното координативно тело дека согласно одредбите од ЗОРОДУ оваа активност не е во надлежност на министерството. Министерството за

правда не дава проценка или анализа на материјалните одредби на законите од другите министерства, освен во делот на прекршочните одредби односно кривичните одредби кои се законска надлежност на МП. Секое министерство во рамките на своите надлежности, за своите закони, треба да води грижа за оваа активност.

**2.3. Приоритетна цел: Воспоставување на постојано тело за координација и евалуација на спроведувањето на законската регулатива и функционалноста на институциите за развој на концептот „Едно општество за сите и интеркултурализам“**

**Постигнати резултати во 2022 во насока на исполнување на Приоритетна цел 2.3:**

Во рамките на активноста 2.3.4 Собранието на Република Северна Македонија донесе Закон за неевидентирани лица во матична книга на родени (Сл.В. на РСМ бр. 42/2020, 305/2020 и 178/2021). Со измените на законот направени на 4.8. 2021 година пролонгиран е рокот за доставување барања за упис во матичната книга на родени до 30 јуни 2022 година. Со него се обезбедува пристап до социјална заштита, право на образование, здравствена заштита и право на вработување за една категорија на граѓани кои беа надвор од системот. Заклучно со 30 јуни 2022 година т.е. во предвидента временска рамка поднесени се 350 барања за упис во матичната книга и исто толку уписи се извршени.

## 2. ПРЕДИЗВИЦИ И РИЗИЦИ ВО ТЕКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА СО ПРЕПОРАКИ

**Предизвици:**

- Во акцискиот план како водечки институции се појавуваат повеќе органи меѓу кои не постои комуникациски линии за доставување на податоци потребни за адекватна анализа за реализација на планот.
- Начинот на доставување на податоците од институциите учеснички и крајниот рок за доставување на податоците до институцијата задолжена за прибирање на податоците не е регулиран.
- Општините немаат официјални интернет страници кои се однесуваат на работата на комисиите и нивните програми.

**Ризици:**

- Поради неадекватна комуникација и координација постои ризик од несоодветно и некомплетно прибирање на потребни податоци.

**Препораки:**

- Активна  и носечка улога на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците  при што ке биде изготвувач и предлагач на сите закони кои се однесуваат на Стратегијата едно општество за сите и интеркултурализам.
- Воспоставување на комуникациски линии помеѓу институциите учеснички и водечката институција (Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците).
- Воспоставување на соодветен протокол за начинот и рокот на доставување на потребните податоци поврзани со индикаторите.
- Сите единици на локална самоуправа каде согласно податоците од последниот попис имаат 20 % припадници од етничките заедници, на својата официјална веб страница да ги објавуваат составот на комисиите,  своите годишни програми поврзани со односите меѓу заедниците, како и  реализираните активности и за истите да го информираат Комитетот за односи меѓу заедниците во Собранието на Република Северна Македонија во форма на годишни извештаи. За ова е потребно измена на законската легислатива.
- Запознавање на општините со законската обврска за формирање на комисии за односи меѓу заедниците и неговата важност.
- Соодветна обука на општинската администрација и членовите на советите во врска со Стратегијата едно општество за сите и интеркултурализам.

## 3. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА СПРОВЕДЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

| **Активност/мерка предвидена за реализација во 2022 согласно АП 2022** | **Статус на реализација** | **Кратко образложение** |
|---|---|---|
| **Приоритет 1 : Ревитализација на институциите во државата од законодавна, извршна и судска власти во функција на изградба и афирмација на концептот „Едно општество за сите и развиен интеркултурализам** | | |
| 1.2 Реафирмирање на уставниот принцип на правична застапеност од сите заедници во правосудните органи. | Реализирано | Начелото на соодветна застапеност се остварува врз основа на одлука на Управниот одбор на Академијата на начин што бројкот на слушатели од редот на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници се утврдува во однос на вкупниот број на слушатели од сите апелациони подрачја. Обуката ја следат 97 слушатели. |
| 1.3 Формирање на комисии за односи меѓу заедниците на локално ниво. | Делумно Реализирано | Согласно резултатите од пописот 2021, 17 единици на локалната самоуправа се во обврска да формираат |

| | | |
|---|---|---|
| | | комисии. Само 7 општини имаат формирано комисии. |
| 1.4 Обезбедување на функционалност на Комитетот за односи меѓу заедниците во Собранието. | Реализирано | Комитетот го сочинуваат 19 члена и за одржување на седници ја известува јавноста на веб страната на Собранието. |
| **Приоритет 2: Воспоставен и функционален систем за доследно спроведување на правната регулатива која обезбедува еднакво општество за сите** | | |
| 2.1.1. Изработка на преглед анализата за хармонизираноста на домашната регулатива со меѓународните стандарди и јуриспруденција кои се однесуваат на интеркулктурализмот | Не е реализирано | Владата на РСМ сè уште не определила надворешни експерти кои ќе работат на изработката на оваа активност, а во истата учество треба има и Мисијата на ОБСЕ во Скопје |
| 2.1.2 Донесување на нова Национална стратегија за еднаквост и недискриминација за 2020-2024 | Реализирано | Донесена е нова Национална стратегија за еднаквост и недискриминација за 2022-2026 година. Со овој документ кој што е четврти по ред, се воспоставува широка стратешка рамка која ги обединува сите области на делување за постигнување на еднаквост и недискриминација |
| **2.2 Воспоставување пракса на ex ante и ex post евалуација на законската рамка** | | |
| 2.2.1 Ex ante и ex post евалуација на законската регулатива дали е вогласност со вредностите на стратегијата | Не е реализирано | Министерството за правда не е надлежно да дава проценка или анализа на материјалните одредби на законите од другите министерства, освен во делот на прекршочните одредби односно кривичните одредби. кои се законска надлежност на МП. Секое министерство во рамките на своите надлежности, за своите закони, треба да води грижа за оваа активност |

| **2.3 Воспоставување на постојано тело за координација и евалуација на спроведувањето на законската регулатива и функционалноста на институциите** | | |
|---|---|---|
| 2.3.4 Донесување закон со кој ќе се овозможи системско решавање нса лицата без документи | Реализирано | Со измените на Закон за неевидентирани лица во матична книга на родени (Сл.В. на РСМ бр. 42/2020, 305/2020 и 178/2021) од 4.08.2021 година пролонгиран е рокоот за поднесување на барања заклучно со 30 јуни 2022 година. Со него се обезбедува пристап до социјална заштита, право на образование, здравствена заштита и право на вработување за една категорија на граѓани кои беа надвор од системот. Во предвидента временска рамка поднесени се 350 барања за упис во матичната книга и исто толку уписи се извршени. |

**-СТРАТЕШКА ОБЛАСТ : МЕДИУМИ-**

**РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО СТРАТЕШКАТА ОБЛАСТ ,,МЕДИУМИ”**

Пристапот на различните заедници до медиумите е дел од нивното темелно човеково право на слобода на изразување, а слободните и независни медиуми се исклучително важен сегмент за развојот на едно демократското општество.. Како поддржувач на демократските процеси, Владата на РСМ, преку Стратегијата за едно општество за сите и интеркултурализмот, се заложи да гради мултикултурно општество во духот на почитување на културниот плурализам, интеркултурните комуникации и да ги зајакне борбата против говорот на омраза во медиумите и медиумската присменост на граѓаните.

Во стратешката област ,,медиуми" беа утврдени два приоритети, во кои се забележува добар напредок. Поголемиот дел од предвидените активности се отпочнати и континуирано се спроведуваат во насока на исполнување на приоритетите **1. Унапредување на медиумскиот простор во функција на навремено, непристрасно и објективно информирање на граѓаните, промовирање и развој на интеркултурализмот и медиумскиот плурализам,** и приоритет **2. Јакнење на медиумската писменост кај граѓаните од сите возрасти.** Реализираните активности во текот на 2022 година придонесуваат кон зајакнување на борбата против говорот на омраза во медиумите и воведувањето на медиумската писменост во образовниот процес. Со цел да се олесни координираниот пристап во ефективното адресирање на говорот на омраза, а со поддршка на ОБСЕ, подготвена е драфт верзија на Меморандум за соработка на членките на Мрежата за борба против говорот на омраза во медиумите и на интернетот. Има видлив резултат и со воведувањето на медиумската писменост во едукативниот процес, конкретно од учебната 2022/2023 година во настава се применуваат новите наставни програми за второ и петто одделение. Минатата година, медиумската писменост беше воведена во наставните програми за прво и шесто одделение, а со поддршка на експерти се работи и на новите наставни програми за останатите одделенија во основно образование, во кои исто така ќе бидат внесени теми за медиумска писменост, медиумска култура и критичко размислување. Сепак, дел од планираните активности доцнат или се нереализирани. Недоволна и ненавремена ангажираност на вклучените страни е една од причините за доцнење која сакам да ја адресирам овде, како и соработката со вклучените страни. Имено, и покрај бројните обиди да се стапи во контакт со раководството на Јавниот сервис (МРТ), немаше повратни информации за ажурираниот статус на мерките и активностите, за чијашто реализација надлежна институција е МРТ. Затоа и понатаму најголем предизвик останува демократизацијата и реформата на Националната радио телевизија , со оглед на тоа што имаме Програмски совет и менаџмент со истечен мандат, а во Собранието на РСМ сеуште е блокиран процесот и не претставува приоритет изборот на нови членови на Советот на МРТ и Советот на ААВМУ. Владата ќе продолжи да апелира до пратениците, што поскоро да го активираат и да го финализираат овој процес. Во рамки на ажурираниот Акциски план 2021-2022 година, направени се неколку промени во стратешката област ,,медиуми" кои немаат суштинско влијание врз приоритетите и

целите, и се во насока на нивно исполнување. Извршена е промена на рокот на одредени мерки со цел ефективна реализација на предвидените активности, но одредени активности не се имплементирани од објективни причини.

## 1. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

Во Националната стратегија во рамките на стратешката област медиуми се идентификувани два приоритети соодветни приоритетни цели, мерки и активности.

**Приоритет 1:Унапредување на медиумскиот простор во функција на навремено, непристрасно и објективно информирање на граѓаните, промовирање и развој на интеркултурализмот и медиумскиот плурализам**

**1.1 Приоритетна цел: Реформиран јавен радиодифузен сервис кој го негува интеркултурализмот**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.1:**

Улогата на јавниот радиодифузен сервис е директно поврзана со исполнувањето на демократските, општествените и културните потреби на секое општество и претставува фактор на кохезија во општеството. Неговата функција на фактор на општествена кохезија значи дека тој придонесува за интегрирање на сите делови на општеството, дека му служи на целото население, а не само на одделни групи. Тоа значи дека ги задоволува потребите и на повозрасните и на помладите, и на побогатите и на посиромашните, и на пообразованите и на помалку образованите, и на групите со посебни интереси (културни, верски, научни, социјални, економски, спортски, и др.) и на општеството во целина. Со други зборови, јавниот сервис има обврска да им служи на интересите на сите граѓани. Но реалноста е поинаква, и покрај новите вработувања во текот на изминатите години, програмите на јазиците на немнозинските заедници во јавниот сервис функционираат како посебни паралелни редакции што фокусот го ставаат примарно на сопствената етничка заедница, без притоа да се соработува со останатите редакци и да се продуцира заедничка програма. Оттука се согледува потребата од континуирана поддршка во промената на практиките на работа во редакциите, организациската поставеност, соработката меѓу редакциите и зајакнување на нивните капацитети, како и спроведување на политиките за еднаква застапеност на програмите на различните општествени заедници. Дел од активноститете беа со одложени рокови, со цел нивното спроведување да заврши заклучно со 4 квартал од 2022. Но, и покрај бројните обиди да стапиме во контакт со раководството на Јавниот сервис, немаше повратни информации за ажурираниот статус на мерките и активностите, за чијашто реализација надлежна институција е МРТ. Затоа освен мерката 2.1 Зајакнување на капацитетите на новинарите и медиумските работници во програмскиот сервис на албански јазик и во редакциите на турски, ромски, влашки, српски и босански јазик преку нови вработувања и обуки, вклучувајќи и креирање

мултијазични содржини, за којашто во претходниот извештај беше нотирано дека е во тек, останатите активности ќе се сметаат за нереализирани.

**1.2 Приоритетна цел: Зајакнување на борбата против говорот на омраза и јакнење на духот на интеркултурализмот во медиумскиот простор**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.2:**

Во насока на исполнување на оваа приоритетната цел организирани се повеќе јавни дискусии и работилници, а подготвена се голем број публикации со заклучоци и насоки за унапредување на општественото поврзување во справувањето со говорот на омраза. Регулаторната рамка што се однесува на говорот на омраза опфаќа одредби во неколку закони, но и телото за саморегулација во медиумите исто така е надлежно да реагира во вакви случаи. Во однос на активноста **2.1.1** Креирање стратегија и акциски план на Мрежата за борба против говор на омраза во медиумите, членките на Мрежата, на работилниците што ги организираше ОБСЕ, се согласија дека во овој период нема потреба од дополнителни стратегии. Со цел да се олесни координираниот пристап во ефективното адресирање на говорот на омраза, подготвена е драфт верзија на Меморандум за соработка на членките на Мрежата за борба против говорот на омраза во медиумите и на интернетот. Основната цел на оваа мрежа е превенција на ширењето на говорот на омраза во јавната сфера, зајакнување на професионалното и етичко вршење на новинарската дејност и подигнување на свеста на пошироката популација за негативните последици од говорот на омраза. Меморандумот за соработка предвидува формирање на работна група составена од претставници на сите засегнати страни, институции и граѓански сектор, со точно определени обврски за постапување во рамки на своите надлежности. Спроведувањето на активностите од оваа приоритетна цел е во тек и ќе продолжи во континуитет. Продолжува редовна координација на сите чинители со надлежност за адресирање на говорот на омраза преку состаноци на Мрежата за борба против говорот на омраза во медиумите и јавни дискусии со нејзините членки.. Ажурирана е датабаза на одлуките на Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ), во коишто јасно може да се пребараат и случаите на говор на омраза во медиумите. Имајќи предвид дека Мрежата за борба против говор на омраза се соочува со отсуство на финансиска поддршка за нејзиното функционирање, се водат разговори со цел да се обезбедат буџетски средства, како и средства од соработници и донатор. За целосна имплементација на мерката потребна е силна поддршка и соработка на сите вклучени општествениот чинители, особено поддршка, насоки и постапување од страна на одговорните институции.

**1.3 Приоритетна цел: Надградени капацитети и зголемени професионални вештини и знаења на вработените во приватните медиуми и развивање и промовирање на интеркултурализмот**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.3:**

Во оваа приоритетна цел за реализирање на мерката 1.3.1 Иницирање програми и активности за неформално образование за интеркултурализам и инклузивност во медиумите, предвидени се две активности. Согласно Акцискиот план, активноста 1.3.1.1 Синтетизирање и надградба на постоечки курикулуми за едукација за интеркултурализам во медиумите беше планирана да започне во 1 квартал од 2022 година. Додека активноста 1.3.1.2 Анализа на структурата на вработените во приватните медиуми од аспект на различностите и обуки и поддршка заради доближување до пошироката јавност, оваа активност е планирана од првиот квартал од 2022 заклучно со 3 квартал 2022 година. Овие активности не се реализирани од објективни причини.

**1.4 Приоритетна цел: Збогатени програмски содржини за инклузивно известување за етничкиот и културниот идентитет и за другите различности на припадниците на сите заедници во државата**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.4:**

Мерката 1.4.1 Поттикнување на продукцијата на содржини во медиумите за афирмација на етничките и културните идентитети и другите различности предвидува Утврдување модели и механизми за поддршка на продукција на содржини од јавен интерес што ги афирмираат етничките и културните идентитети и другите различности. Оваа активност беше планирана да започне во првиот квартал од 2022 и да се реализира заклучно со 3 квартал од истата година.
Активноста не е реализирана со оглед на сè уште актуелната криза, а најголем ризик претставуваше обезбедувањето на финансиски средства од буџет или од донаторската заедница за ваков вид на проекти.

## Приоритет 2: Јакнење на медиумската писменост кај граѓаните од сите возрасти

**2.1 Приоритетна цел: Изградена свест за критичко разбирање на содржини поврзани со интеркултурализмот и борбата против говорот на омраза**

Потребата за медиумската писменост произлегува од фактот што современите средства за масовна комуникација овозможуваат лесно пласирање на дезинформации и злонамерно фабрикувани манипулации кои го контаминираат јавниот дискурс и ги доведуваат граѓаните во заблуда. Ако создадеме генерации коишто имаат повеќе знаења и вештини за справување со лажни вести, ќе бидеме поподготвени за битка со нив, а граѓаните ќе бидат во состојба да анализираат, да размислуваат критички и самостојно да донесат одлуки и судови базирани на факти. Токму затоа е клучна медиумската писменост и прифаќањето на различностите. Предвидените активности за исполнување на оваа приоритетна цел се претходно реализирани и нивната реализација е евидентирана во извештајот за 2021 година.

**2.2 Приоритетна цел: Воведен пристап на медиумска писменост во образовниот систем и неформалното образование**

**Постигнати резултати во 2022 година во насока на исполнување на Приоритетна цел 2.2:**

Во 2022 година продолжи да се имплементира проектот финансиран од УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“, кој ќе се имплементира од страна на ИРЕКС и партнерите на проектот (Македонски институт за медиуми, Институт за комуникациски студии и Младински образовен форум), а поддржан од МОН и БРО. Во рамки на проектот се работи на адаптирање на програмата за медиумска писменост *Learn to Discern* (Учиме да распознаваме), која ИРЕКС ја спроведува во 17 земји. Со поддршка на експерти од овој проект, МОН и БРО работеа на новите наставни програми во кои е воведена медиумската писменост но и ќе ги изработат наставните програми за останатите одделенија во основно образование, во кои исто така ќе бидат внесени теми за медиумска писменост, медиумска култура и критичко размислување. Од учебната 2022/2023 година во настава се применуваат новите наставни програми за второ и петто одделение. Во новите наставни програми по мајчин јазик за второ одделение предвидени се четири теми/подрачја од кои четвртата тема/подрачје е Медиумска писменост и медиумска култура. Со наставната програма се утврдени и резултати за учење, а во подрачјето Меидумска писменост и медумска култура уредени се четири резултати: ученикот/ученичката разликува и наведува различни видови на медиуми; ги разбира медиумските пораки и прави разлика помеѓу известување, рекламирање и давање упатства; идентификува и толкува информации и пораки во медиумски содржини и креира куси медиумски пораки за известување, за давање упатства и за рекламирање. Во новите наставни програми по мајчин јазик за петто одделение предвидени се три теми/подрачја од кои третата тема/подрачје е Медиумска култура и медиумска писменост. Со наставната програма се утврдени и резултати за учење, а во подрачјето Медиумска култура и медиумска писменост уредени се пет резултати: ученикот/ученичката е способен/способна да прави разлика меѓу традиционални и дигитални медиуми и да ги објаснува нивните предности и недостатоци; да разликува факти и мислења во медиуските содржини и да креира медиумски содржини со користење факти и мислења и да користи едноставни начини за верификување на информации и фотографии од интернет; ученикот/ученичката развива свесност за последиците од претерано користење на социјалните мрежи и за потребата од проверка на вистинитоста на информациите на интернет и на социјалните мрежи. Во месец мај и август 2022 беа организирани обуки за медиумска писменост. 105 наставници-обучувачи ја дисеминираа обуката на 2.785 наставници од основно образование од 2-ро и 5-то одделение од сите наставни јазици низ државата (во соработка со БРО беа организирани вкупно 119 обуки). Во месец декември изработени се и нови наставни програми за мајчин јазик за трето одделение кои ќе се применуваат во настава од учебната 2023/2024. Во нив се предвидени четири теми/подрачја од кои четвртата тема/подрачје е Медиумска писменост и медиумска култура. Со наставната програма се утврдени и резултати за учење, а во подрачјето Медиумска писменост и медиумска култура уредени се пет резултати: ученикот/ученичката е способен/способна да наведува примери за да

објасни/опише како медиумите влијаат врз корисниците; да објасни како безбедно се користи мобилен телефон за пристап до информации преку апликации; да пребарува и наоѓа потребни информации на интернет преку користење клучни зборови; да креира едноставни медиумски содржини со поврзување текст со илустрации. Во 2022 г. споведено е оценувањето на знаењата и вештините на третоодделенците за медиумска писменост од страна на Државниот испитен центар (ДИЦ) како составен дел на Националното оценување во тековната година. Конечниот извештај се очекува да биде готов во месец ноември 2023г. Покрај задолжителните предмети во настава, согласно новата Концепција за основно образование , се воведуваат и слободни изборни предмети од четврто одделение. За таа цел од страна на БРО изготвен е Водич за слободни изборни предмети во кој се дадени водечките принципи на слободните изборни предмети, начинот на определување на слободните изборни предмети во училиштето, изработката на наставните програми за изборните предмети, изборот и организацијата на слободните изборни предмети, планирањето и реализацијата на наставата, како и начинот на следење и оценување на постигањата на учениците. Преку слободните изборни предмети меѓудругото треба да се развива и критичкото размилсување, медиумската писменост, медиумската култура.. Во делот на високото образование 4 факултети добија грант во рамки на проектот „Младите размислуваат“ за интегрирање на медиумската писменост во студиските програми. Во 2022 година излезе второто издание на KAIROS, научно списание за медиумска писменост. Во делот на неформално образование 22 младински клубови формирани од страна на Младинскиот образовен форум (МОФ) ја интегрираа медиумската писменост во нивниот наставен план кој се спроведува за околу 1000 средношколци од целата земја во двочасовни неделни сесии во периодот од октомври 2022 до јуни 2023 година. Се подготвува Прирачник за медиумска писменост за родители/негуватели наменет за родители/негуватели на деца на возраст од 5-10 години (се очекува да биде објавен на почетокот на 2023 година).

Мерката 2.2.2 Иницирање и поттикнување заеднички активности за училиштата, медиумите и граѓанскиот сектор предвидува реализација на следните активности:

2.1. Посети на редакции за учениците од основните и средните училишта
2.2. Работилници за градење критичка свест со новинари – инструктори
2.3. Креирање заеднички продукти од тимови на ученици

Овие активности беа со одложени рокови заради состојбата со епидемијата од ковид 19 и забранита за групирање со физичко присуство. Новите предвидени рокови беа во рамки на 1 квартал 2022 година. Активностите не се реализирани.

## 2. ПРЕДИЗВИЦИ И РИЗИЦИ ВО ТЕКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИСКИОТ ПЛАН СО ПРЕПОРАКИ

Недоволната и ненавремена ангажираност на вклучените страни е една од причините за доцнење при реализација на одредени мерки и активности, како и недостаток на соработка меѓу вклучените страни. Најголем предизвик останува демократизацијата и реформата на Националната радио телевизија , со оглед на тоа што имаме Програмски совет и менаџмент со истечен мандат, а во Собранието на РСМ сеуште е блокиран

процесот и не претставува приоритет, изборот на нови членови на Советот на МРТ и Советот на ААВМУ. Владата ќе продолжи да апелира до пратениците, повторно да го активираат и  што поскоро да го финализираат овој процес. Дел од активностите се одвиваат тековно, а дел се реализираат во континуитет, додека за одредени активности е потребен подолг рок за реализација на мерките во целост. Дополнително, 2022 година беше година со многу предизвици, со сложена меѓународна и домашна општествена ситуација условена од финансиската и енергетската криза, затоа дел од планираните активности доцнат, а дел останаа нереализирани.  Врз база на досегашната анализа и стекнатите искуства, дел од нереализираните активности треба да се вклучат во новата стратешка рамка и да се обезбедат доволно средства во функција на целосно остварување на зацртаните цели.

## 3. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА СПРОВЕДЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТА МЕДИУМИ

| Актиност/мерка предвидена за реализација во 2022 согласно Акцискиот план | Статус на реализација | Кратко образложение |
|---|---|---|
| **Приоритет 1: Унапредување на медиумскиот простор во функција на навремено, непристрасно и објективно информирање на граѓаните, промовирање и развој на интеркултурализмот и медиумскиот плурализам** | | |
| Анализа и проценка на капацитетите на редакциите за интеркултурно известување и на потребите за обука и дообука на новинарите и медиумските работници во НРТ за интеркултурно известување | нереализирано | |
| Утврдување модели со вклучување на сите засегнати страни во областа на развојот на интеркултурализмот и борбата против говорот на омраза | нереализирано | |
| Организирање и испорака на обуки од областа на интеркултурализмот и борбата против говорот на омраза | нереализирано | |
| Дополнување на Етичкиот кодекс и/или креирање правила и принципи за афирмација на интеркултурализмот | нереализирано | |
| Зајакнување на капацитетите на новинарите и медиумските работници во програмскиот сервис на албански јазик и во редакциите на турски, ромски, | во тек | |

| | | |
|---|---|---|
| влашки, српски и босански јазик преку нови вработувања и обуки, вклучувајќи и креирање мултијазични содржини | | |
| Креирање модели за соработка меѓу редакциите на во НРТ со цел да се афирмира интеркултурализмот | нереализирано | |
| Креирање стратегија и акциски план на Мрежата за борба против говор на омраза во медиумите | редефинирана и реализирана | |
| Соработка и координација на членките на Мрежата во едукацијата за препознавање и адресирање на говорот на омраза во медиумите | во тек континуирано | |
| Одговорните институции да објавуваат редовни периодични извештаи во врска со нивните активности во оваа област | во тек континуирано | |
| Синтетизирање и надградба на постоечки курикулуми за едукација за интеркултурализам во медиумите | нереализирано | |
| Анализа на структурата на вработените во приватните медиуми од аспект на различностите и обуки и поддршка заради доближување до пошироката јавност | нереализирано | |
| Утврдување модели и механизми за поддршка на продукција на содржини од јавен интерес што ги афирмираат етничките и културните идентитети и другите различности | нереализирано | |
| **Приоритет 2: Јакнење на медиумската писменост кај граѓаните од сите возрасти** | | |
| Анализа на досегашните практики за едукација за интеркултурализам преку иницијативите за медиумска писменост на граѓаните | реализирано | |
| Креирање база/регистар на ресурси со практики и модули за обука за медиумска писменост и регистар на актери/чинители во оваа сфера | реализирано | |

| | | |
|---|---|---|
| Анализа на наставните програми од различни предмети од аспект на интеркултурните компетенции | реализирано | |
| Изработка на нови наставни програми (сукцесивно почнувајќи од прво и четврто одделение од учебната 2021/2022 година) во кои ќе бидат инкорпорирани трансверзални компетенции за медиумска писменост и интеркултурализам согласно Националните стандарди за постигањата на учениците | во тек | |
| Спроведување обуки за наставници за новите наставни програми | реализирано | |
| Изработка на прирачници за наставници и дидактички материјали во печатена или електронска форма за новите наставни програми во кои ќе бидат вклучени елементи за медиумска писменост, интеркултурализам и почитување на различностите | реализирано | |
| Посети на редакции за учениците од основните и средните училишта | нереализирано | |
| Работилници за градење критичка свест со новинари – инструктори | нереализирано | |
| Креирање заеднички продукти од тимови на ученици | нереализирано | |